# ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

Списание на студентите на Философски факултет

2






## За Внатрешниот Патник

Многу потешко е човек да си го види своето лице, откако ту го.

Зарем, ќе си дозволиме да ја одбереме полесната варијанта и да останеме несознаени луѓе, без верба во себеси и другите?

Внатрешниот патник денонокно патува низ нашата внатрешност и вредно ти бележи нашите неосветлени места, правејќи напори за што е можно поголема електрификација..

Секако дека за поголемо количество електричество се потребни нови извори на енергија, но ако не го избереме патот на поголемата светлина и поголемата одговорност, низ нерегледноста на нашите внатрешни улици може да не снајде ризикот да наидеме на некој напаѓач, манијак или киднапер.

Спецификата и неприфаќаната големина на програмската определба на Филозофскиот факултет е баш во моќноста за внатрешно патување и себеосветлување.

Инаку, дали би можело да се говори за хуманистички работници без соодветен внатрешен извор и без свој соодветен внатрешен патник??!

Еве, мојов внатрешен патник ми ја движи десната рака и го завршува ова скромно објаснение.

Внатрешен Василевски

## Против Внатрешниот Патник

Работите не се секогаш такви како што изгледаат.

Ако подобро ти анализирате можеби ќе приметите дека внатрешниот патник патува низ вас без вашата дозвола. Потоа можеби ќе согледате дека тој прави работи за кои вие не знаете, или сте сакале да ги одбегнете. Можеби ве тера да спиете 18 часа на ден, да одите на бучни и затадени места, да се дружите со личности кои не ги ценат многу вашето присуство. Треба нешто да превземете. Ако останете пасивни, тој може да се обиде да ја преземе контролата врз вас и да ве матреира. Ако пак го игнорирате, тој со текот на времето ќе порасне до огромни размери и ќе ве поистисне, па може да се случи да останете малцинство во соопствената личност.

Идеално е вашиот внатрешен патник да не посетува и вие целосно да ја имате неговата функција, но во реалноста мораме да се бориме со сите сили против него. Тоа не може да биде со поткупување или пак со сирова сила. Мораме да правиме доброжелни суштински планови за намалување на неговата моќ, неговите функции. Направете добра анализа на неговата стратегија и пронајдете му ги слабите точки. Мораме да му го отстраниме вниманието кон побезначајните работи додека вие ги преземаме и ги доживуваме висококвалитетните нешта. Него давајте му ги полесните проблеми, вие решавајте ги посложените. Така постепено ќе му ја одземаме силата и ќе го трошиме како сапун.

Едно предупредување. Не се исклучува потполно уништување, внатрешниот патник е феникс. Ако успеете потполно да го уништите, тогаш на негово место се појавува нов, непознат и посилен од предходниот.

Океан (Површина)




**ВНАТРЕШЕН ПАТНИК**

Ноември 1995

Списание на Сојузот на студентите при Филозофскиот Факултет

Уредништво:
Mainstream: Игор Ѓуровски
Wizard: Илчо Василевски
Engine: Кире С. Океан

Компјутерска обработка:
Кире С. Океан

Насловна страна:
Александар Сотировски

Undercover agent:
GoranY@informa.mk (Talento)
Special agent:
Aleksandar Sotirovski

Соработници:
Билјана Стојаноска, Игор Васевски, Сашо Кузманоски, Бошко Илиев, Зоран Божиноски, Златко Николовски, Борче Јанкуловски, Мимоза Антоновска, Трајче Арсов, Трајче Катароски, Горан Наумовски Георгиев Марко Шема.

Адреса на издавачот:
Сојуз на студенти на Филозофски Факултет
„Крсте Мисирков" б.б. - Скопје
ж.с. 40100-678-39981
тел: 116-100 локал 146

Според Мислењето на Министерството за култура бр. 08-2765/2 од 14.4.1995 година, за списанието „Внатрешен Патник" се плаќа повластена даночна стапка.

Печати: НИП „РАСТЕР" Прилеп
Тираж: 1500 примероци.

СПОНЗОР:

OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA — ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА


# СОДРЖИНА


**Аспекти:**

Теророт - Средство за Комуникација 9

Идеолошка Преобразба во Клетката... 12

**Религии:**

Православен Поглед на Богопознанието 11

**Меѓународна соработка:**

Втора Летна Школа за Социјална Работа 15

**Алтернативни Спортови:**

Параглајдерство 18

**Технологија:**

Зрак во окото 20

**Научна Фантастика:**

Бегство во Стварноста 21

Црна Кутија 23

**Култура:**

Популарната Култура и Војната... 31

Роллинг Стонес конечно и во Будимпешта 35

Обид за Провокација со Поинско 36

**Фрагменти:**

Фрагменти за Жената 38

Десерт 42

Писма, Акции, Реакции 4

Иницијативи 7

Внатрешно Огледало 24

Нови Книги 37

Хутани Односи 40

Хороскоп 47

# Што сакав да кажам?

*Вистинска мака за еден уредник е да почне да пишува воведник или збор на уредникот, како веќе овој текст се вика, а да не почне да се жали за финансии, за соработниците, за читателите и за сè и сешто, бидејќи уредниците се по функција параноици. Како што приметувате, не сакам многу да се мачам.*

*Но, да се зафатиме за алтернативните работи. Не оттужувајте дека списанието е алтернатива. Немојте бе луѓе. Ако е алтернативно, тогаш значи навистина го читаат екстремно мал број на луѓе бидејќи во оваа наша средина такво нешто воопшто нема, а ако постои, тогаш е повлечено во длабока илегала. (?) На пример: Јас лично сакав да почнам да слушам алтернативна музика и да бидам алтернативец, ама што се случи. Многумина слушаат „алтернатива", но никој не може да ми ги каже бендовите, дури и самиот „правец" „алтернатива" не може да ми го објасни со алтернативни зборови. Така, еве уште сум обичен. (Демек не.) Ако некој знае за овие работи, нека напишиш нешто и нека ми прати, да не бидам цело време во шах.*

*Но ако нема алтернативи, барем си имаме алтернативни знаме. После долги договори, преговори, самити, консултации, испити и сл. петокраката ѕвезда ја заменивме со сонце. А ова нововo знаме, со жолто-црвени полиња и точка насредина еттен експресно се појави. Пополека бе луѓе. Пишав. Никој никого ништо не праша ни за изгледот. Всушност, ако доволно долго го гледате, некако симпатични ќе ви станат невешто расрснатите зраци и точката насредина која, којзнае, можеби и не е поштолно округла.*

*Има и други алтернативни работи што се појавија во последно време ама... другпат.*

*Среќавам стари познаници, колеги, другари и, како по обичај, следува прашањето: „Што има ново?". И два најчести одговори: „Ништо ново" и „Сè е речено, нема што да се кажи". Просто страв ми е од времево во кое младата генерација, која е на почетокот на својот производствен век, нема што да кажи. А толку многу работи има: Скопскиот Џез Фестивал, нови филмови, расположенијата што ги нудат амбиентите, љубовта на миленичите...*

*Кога поарно ќе се сфатам, пак ќе напишам нешто.*

*главен, одговорен и изненаден уредник*
*Игор Ѓуровски*

## ПИСМА

ПОЧИТУВАНИ КОЛЕГИ

Со огромно задоволство денес го држам в раце првиот број од вашето списание. Навистина беше тажен фактот што токму нашите два факултета (читај студентски организации) немаа свое гласило со кое ќе можат посилно да се застапуваат за идеите кои се зацртани во нашите статути. радоста е дотолку поголема бидејќи се чини дека Внатрешен Патник и покрај своите породилни маки е едно од најдобрите или подобро речено најдобро студентски списание. Вие сторивте нешто големо, нешто што заслужува почит, па честитајќи ви посакувам да останете уште многу години присутни во животот на студентите од вашиот факултет.

Сојуз на студенти на Филолошки Факултет
СРДЕЧНИ ЧЕСТИТКИ
Оливер Шамбевски

Непознат(а) колега(колешке),

Те гледам затрчан (ќе се обраќам во машки род,иако мислам и на женски род поедноставувајќи го размислувањево), одиш ваму, некаде таму, треба да направиш бројни формалности за да добиеш печат од Социјалистичка Република Македонија. Таксиратлија ќе бидам ако и јас не добијам барем еден печат од Република Македонија. За спомен. Да им се фалам на детиштана дека нешто правев за и во првата суверена (со Министерство за надворешни работи) македонска држава. Во право си кога велиш дека образованието не ни е суверено па зошто ми е печат со суверено обележје, во право си кога велиш дека не си го знаеме јазикот од мајчината ни, учиме од некогашна литература, не држиме до сериозни критериуми и вредности од национално значење, дури и на предавањата не се негува осознавањето на себеси, но белким нема да падне државата а сите кои се против неа сакале-несакале ќе мораат прво да го научат јазикот, а потоа и троа пописмени да се- дури не е лошо и по некоја реченица текст да знаат да напишат. Да, де да, на факултетлииве мислам!? На другите.... ај, пушти ги, не им замерувај - немаат печат.

Слушај, ако си од источниот дел на Македонија те молам некако види во акцентот ако можеш да ургираш. Не се лути, акцентот ти е за никаде-признај. Не знам што толку мерак

имаш во ненаш акцент. Ако ти студент не направиш напори нешто да промени, тогаш кој? Стрико ти што работи во уќуматот (полицијата)? Таква ти била судбината, што да ти правам, само не е толку страшно малку да се потрудиш и да ја откачиш опашката која постојано те компромитира. Ова ти го кажувам не дека се правам мангуп и си играм мајтап, туку културно е државјанин на Р.М. да го знае акцентот на официјалниот јазик. На страниците (меѓу нив и на Македонците кој не живеат во Р.М. - овие пак се одраз на внатрешното неединство и општа незрелост) може да им се прости - барем се потрудиле да ги научат зборовите. Не се споредувај со Македонските Албанци - тие можеби и не се секираат толку за опстанокот на Македонското ткиво, можеби подобро им е да затвораат самите во себеси, можеби не ја разбрале пораката од педесетгодишното затворање и на нивната држава по потекло а и на целиот источноисфрустриран државен концепт. Абе, лошо е да го оставуш некого да размислува за милиони луѓе без да има контрола од некој друг. Лошо е. Многу лесно се прогласува за НАДЧОВЕК, а животните на другите ги третира како предмети и незаслужени за почит. Моиве Албанци треба да се подзамислат дека нема да фатат чекор со времето ако и понатаму им дозволат на неколку луѓе да мислат за нив. Меѓу тие неколку луѓе има такви кои не успеале и факултет да завршат. Веројатно лидерството им е потребно за компензацијана својата нереализираност, лидерството им е потребно за остварување на некои лични нематеријални интереси (иако кога е човек на таква позиција материјалните манипулации се познати!). Во автократијата многу често доаѓа до израз не знаењето и способностите, туку умешноста да се биде подобен а не е малку да се биде и бунтовен, насилен и лидерски подготвен. Тоа е борба помеѓу неколку луѓе, а кутрата маса луѓе толку ги напрасвиле НАДЛУЃЕ, што и покрај ќотекот и плачат повторно гласаат за нив.

И самиот знаеш дека манипулациите се најчести кај држави и области со население означено како ниско културно-социо-економско. Тешко се манипулира со образован човек, затоа што тој многу брзо може да ги открие вистинските намери - дали се добри или лоши.

Нашето мизерно образование не успева од своите студенти да направи или да испровоцира силни личности за потоа нив да не им биде срам да го говорат вистинскиот идентитет на својата нација, односно држава. Нашето образование од секого сака да направи интектуалец, загрозувајќи ги при тоа законитостите на психологијата на личноста. Точно е, од друга страна, дека само образованиетоне е виновно, иако тоа е еден од најважните столбови на сериозната држава.

НАШЕТО ОБРАЗОВАНИЕ ПАТИ ОД КОМПЛЕКС НА ПОМАЛА ВРЕДНОСТ ПА И НОСИТЕЛИТЕ ОБРЕМЕНЕТИ СО ТОА ЧУСТВО, СВЕСНО ИЛИ НЕСВЕСНО СОЗДАВААТ ИСТО ТАКОВ КАДАР. Ретко кој носител на образованието настојува следбени-

ците да бидат подобри од него. Наместо да му биде мило и да провоцира таква насока, се случува нешто друго. Станува збор (како што рече еден професор) за синдром на велосипедист. Имено велосипедистот се плаши од возилата а не обрнува внимание дека може да повреди некој пешак.

Нешто не е во ред со системот на образованието. Фантазија: некоја држава имала добри дипломати, а лоша надворешна политика. Ако не чини системот, ако во него нема развојна нишка, отиде јабана.

Да се надеваме дека постојаното вршејќи притисок врз некои луѓе ќе успееме да влијаеме врз квалитетот на образованието, па којзнае можеби и врз акцентот на источномакедонците (има ли средномакедонци?). Се извинувам за моето недолично именување, но терминот повеќе го употребив лоцирајќи го подрачјето каде што живеат тиев (наши) луѓе. На Македонците кои не живеат во Р.М. ќе им помогнеме доколку македонскиот внатрешен патник (луѓе кои што се борат за македонскиот идентитет) стане доволно моќен и броен за да нè освести на национално единство, а поинтензивната комуникација ќе се случи многу едноставно. Јазикот се возобновува кога се повторува.

Колку повеќе се засилува и созрева државноста, толку повеќе се засилува и улогата на внатрешниот патник.

Нашето чувство и свест треба да биде поддршка на државноста, без разлика која партија

го има мнозинството во собранието. Мнозинството од народот сиурно не е против себеси и своите поколенија, иако понекогаш се случува и тоа.

Различните мислења не смеат да ја ослабуваат националната целовитост. Којзнае, можеби и ќе влијаеме и врз младите, ако врз старите не можеме, македонски Албанци да направат сериозен чекор кон своето вклучување во современите текови не нашето секојдневие. Добро де, знам дека една Албанка ми се смешкаше, и ти беше тука, ја виде- арслан чупе. Лично, убаво, згодно, фраерче,... Не знам зошто седеше на крајот од Бифето, како да се срамеше, како да се плашеше, како да велеше ова Бифе е само за оние кои добро го знаат Македонскиот Јазик. Па, и таа го знае!? Еве јас добив шест минус по Македонски Јазик (на факултет), а многу комотно се „движам" по скапотиите на Бифето (скапотиите во Бифето се приказна која мораме да ја објавиме за да извршиме притисок(?) врз заинтересираните страни во зделкањето). Зошто мојата непозната Албанка пријателка седи стеснато во средината каде што треба човек комотно да се чувствува, зошто мојата непозната Албанка пријателка седи по т.н. амфитеатарски скали во ходникот. Па можеби таа добила осумка по македонски јазик!? Од каде мојата комоција да биде узурпатор на другите само затоа што сум ....односно од каде нашол професорот дека јас не знам за шестка, туку ми пишал шест минус? Да бев како Љупчо Георгиевски ќе го викнев професорот на јавно соочување- кој ќе напише подобар текст, внимавајте на Македонски јазик. Греота е човекот да се страми на стари години, а можеби и не е толку лош педагог колку што јас мислам.

Ако чита мојата Албанка пријателка сакам да и кажам дека е прекрасна девојка, иако не ја познавам (зборувам од она што го забележав од нејзината облека и нејзиното однесување), да не се чувствува стеснато во Бифето, да не седи по скалите како оттуѓена и неприфатена заедно со другите пријателки и ако си најде дечко Македонец нека си го фати, а на луѓето (читај: постарите кои ги измислија овие глупости) ќе им објасни но и не мора да им објасни затоа што тие се плашат да се соочат со објаснението. Тешко дека и јас би можел да им објаснам на моите, веројатно многу луѓе што имале доверба(?) во мене не ќе сакаат да ми зборуваат, можеби и со најблиските ќе морам долгорочно да ги заладам односите, но силната личност се бори за големите вредности, не се согласува со компјутеризацијата во меѓучовечките односи, сака да си живее свој живот. За нашата личност ќе говорат делата. Зборовите лажат.

Непознат(а) колега (колешке),
БИДИ УПОРЕН, ВЕРУВАЈ ВО СЕБЕ СИ, ДРУЖИ СЕ СО СЛИЧНИ НА СЕБЕ, ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ПОВЕЌЕ, ЗАЕДНО МОЖЕМЕ МНОГУ ПОВЕЌЕ ОТКОЛКУ ШТО МИСЛИМЕ ДЕКА НЕ МОЖЕМЕ.

Твојот
АЛБАН ВАСИЛЕВСКИ

Забелешка: Со почит спрема Венко Андоновски - асистент на Филолошки Факултет - кој пишувајќи за еден неделник ме поттикна на вакво обраќање.

---

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
БАЛКАНСКИ ЦЕНТАР ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА МИРОТ
организира
*ПРЕДАВАЊА И СЕМИНАР*
за
„ГРАЃАНСКИ ЗАСНОВАНА ОДБРАНА"
предавач
ЏИН ШАРП
ОД „ИНСТИТУЦИЈАТА АЛБЕРТ АЈНШТАЈН" - САД

Време: 3 дена во првата половина на декември 1995
Место: Скопје, Филозофски факултет
Учесници:

1. на почетното и завршното предавање се очекува присуство на поширок аудиториум на студенти, наставници и соработници вработени на унирвезитетот во Скопје, заинтересирани граѓани и претставници од средствата за јавно информирање;

2. за дводневниот семинар се планира избран аудиториум од Филозофскиот факултет, вработени во Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, од Воената Академија и активни воени лица и други стручни лица кои се занимаваат со проблемот на граѓански заснованата одбрана.

*Цели на семинарот: запознавање на горе наведените* учесници на предавањата и на семинарот со основните сознанија кои се акумулирани од страна на „Институцијата Алберт Ајнштајн" во текот на повеќегодишното истражување на прашањата поврзани со ненасилството и граѓански заснованата одбрана.

На предавањата и семинарот ќе бидат опфатени следните теми: Мобилизирање нови извори на сили за одвраќање и одбрана; Поглед кон нова одбрамбена опција: Граѓански заснована одбрана; Стратешко планирање за граѓански заснована одбрана; Прифаќање на состојка за граѓански заснован отпор во рамки на делумно воена политика; Одбрана против државен удар; Настојување да се води сметка за граѓански заснованата одбрана и за процесот на пренаоружување (поинакво наоружување); Потенцијалот на граѓански заснованата одбрана.

# БАЛКАНСКИ ЦЕНТАР ЗА МИР (БЦМ)

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

Бд.„Крсте Мисирков“ бб, 91000 Скопје,
Република Македонија (факс: 220 019)

Како резултат на напорите да се зачува и унапреди мирот на Балканот во 1993 година беше воспоставен *Балкански центар за мир* при Филозофскиот факултет во Скопје. БЦМ е прв центар од овој вид на Балканот и негова цел е да стимулира засновување слични центри во соседните и други земји.

БЦМ е лоциран на Филозофскиот и Филолошкиот факултет, на просторот каде секојдневно илјадници студенти од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" од Скопје учествуваат во наставата и бројни други активности. Овој простор со голем ентузијазам станува јадро од кое студентите, наставниците и граѓанство ја шират културата на мирот.

Библиотеката „Мир“, сместена на овој простор, преку донација доби околу 150 книги од областа на проучувањата на мирот, како и неколку аудио и видео снимки кои го сочинуваат зародишот на аудио и видео колекцијата. Библиотеката „Мир“ наскоро преку INTERNET ќе овозможи меѓународна размена на информации од оваа област. Преку своја издавачка дејност БЦМ настојува да прерасне во мултимедијален информативен центар.

**Основни цели на БЦМ:**

* да создава услови за унапредување на културата на мирот
* да овозможи научна и образовна подршка за градење на мирот ширум по светот
* да воспостави академска програма за проучување на мирот
* да организира воспитание за мир на сите нивои од воспитно-образовниот систем
* да ги унапредува преку обука знаењата и вештините за градење мир и разрешување конфликти
* да заснова база на податоци од подрачјето на проучување на мирот
* да ги унапредува истражувањата, особено акционите истражувања

**Активности на БЦМ:**

* Серија на тренинг семинари за:
  разрешување конфликти
  ненасилство
  жените и мирот
  толеранција
  интеркултурна едукација
  човекови права и социјална одговорност...
* Серија на текстови, предавања и работилници за *Вовед во мировните студии и разрешување конфликти* во соработка со експерти од земјата и други универзитети и центри каде има воспоставено студии за мир
* Обука и усовршување на сегашни и идни членови од универзитетот во други светски центри за проучување на мирот
* Остварување соработка и вклучување во мрежата на бројни меѓународни организации поврзани со проучувањата на мирот, учество на меѓународни научни собири и изведување самостојни и заеднички истражувачки проекти
* Издавачка дејност, преводи, умножување и размена на печатени и аудио-визуелни снимки од областа на проучувањата на мирот
* Јавни расправи, тркалезни маси и трибини, претставување на книги, видео и аудио материјали
* Креирање наставен план и програми за организирање на академско проучување на мирот и разрешување конфликти

**Финансиска поддршка**

Активностите на БЦМ се финансиски подржани од Институт отворено општество-Македонија и Меѓународното здружение за истражување на мирот (IPRA). БЦМ е во потрага на средства за одвивање на дејностите.

БЦМ е раководен од работна група составена од наставници, соработници и студенти од различни научни дисциплини. Сите тие волонтерски работат за да се одвиваат и шират активностите на БЦМ.

БЦМ е отворен за соработка за сите заинтересирани да работат на унапредување на културата на мирот.

НЕ ПРАШУВАЈ ШТО МОЖЕ ДА НАПРАВИ ТАТКОВИНАТА ЗА ТЕБЕ, НАПРАВИ ГО ТОА САМ.

# RECYCLE YOUR MIND

# EVERYTHING MUST GO

# ТЕРОРОТ - СРЕДСТВО ЗА КОМУНИКАЦИЈА (КАЈ НАС И ОКОЛУ НАС)

Ако „далечното“ минато беше актуелно по војните и религијата, а за во „иднина“ футуролозите предвидуваат еколошка катастрофа (со што се доведува во прашање биолошката егзистенција на човекот и неговата генетичка репродукција), тогаш еден од актуелните моменти на денешницата (на денешната борба за живот) е тероризмот. Би било пропуст ако во овој контекст не ве потсетиме и на некои други наши актуелности: Југо-распадот, „балканскиот“ национализам, внатрешната (економска) политика, и трансформацијата на општествената сопственост чии последици најсликовито ги забележуваме во близина на градските контејнери...

И така! На четворицата јавачи на апокалипсата- војната, гладот, чумата и смртта- им се придружија петтиот и шестиот - тероризмот и национализмот.

Денешните севкупни меѓународни состојби не се разликуваат од оние од пред 30 или 40 години. Надворешната (меѓународна) политичка ситуација која е резултат на надворешната политика на државите, создава одредени ситуации чии последици, во помала или поголема мера, навлегуваат во интересите на „одредени земји“ или региони во светот.

Карактеристично е при тоа, што влошувањето на меѓународната полити

чка ситуација негативно се одразува на малите земји, економски неразвиените и земјите кои се борат за својата национална независност и самобитност, при што често се доведува во прашање и нивното име и нивните симболи. Ваквата ситуација посредно или непосредно влијае и на криминалната активност во нашата држава, пред сè на онаа којашто е насочена кон уставниот поредок, безбедноста и стабилноста на „оазата на мирот“.

Факт е, дека колку човештвото напредува во техничко-технолошки поглед, истото е помалку способно да гледа во иднината. При тоа, не треба да ја заборавиме старата вистина дека „секое предвидување на иднината претставува нејзино потценување“. Поткрепа на ваквиот заклучок е примерот со најновите проучувања на предупредувачкиот компјутерски систем во САД кој во периодот од 1986-1988г. регистрирал над сто лажни тревоги за почеток на нуклеарна војна.

Значи! Светот се наоѓа на буре барут и не смее да постои дилема меѓу двете алтернативи за иднината на светот:

- хумана заедница на обединети народи
- радиоактивна пустина

(Горчлива е вистината дека човекот произведува зло како што пчелата произведува мед)

Со извршените напади, атентати, убиства, грабнувања на воздухоплови, терористите од разни бои сакаат да го свртат вниманието на себе, односно да ја запознаат домашната и светската јавност со „своите“ политички програми кои во крајна линија се платформи за остварување на политички цели и желба за власт (ах. . .таа власт!) при што „ не се избираат местото, средствата и жртвите“. Се тргнува од онаа „целта ги оправдува средствата“ при што се заборава дека „владетелот е лав и лисица“ (човек со брчки на челото, седа коса што му дава отпорност на експлозии. ДА! Тоа е вистинскиот владетел!)

Се заборава дека не е ништо толку големо, не е ништо толку страшно и скриено од што власта треба да се плаши, што таа не може да го види. Но, исто така не постои бесконфликтно општество, а со тоа ниту по-

литички систем кој е имун на тероризам.

Тероризмот е метод на политичка борба против постојната власт, но истовремено и метод на борба заради зацврстување на постојаната власт. Него поеднакво го користат и оние што се на власт и потчинатите.

Тероризмот кој претставува цинично водена војна секогаш има политичка позадина. Тој создава тешкотии на „секоја" легална влада, но неговите носители заборавaат дека тој никогаш не е сигурен или поинаку речено нема никакви шанси за остварување на својата крајна цел - рушење и освојување на власта. Се заборава дека „дијалогот" е единствен пат за решение, потребен не само затоа што го признава другото и поинаквото, туку и поради тоа што никого не исклучува од „трката".

Се прашуваме:„Дали тероризмот е признавање на својата неспособност за дијалог?" Признавањето на правата и слободите не значи и право на насилство и бунт на оние кои сметаат дека нивните права се повредени. Ова право се признава само крајни случаеви на масовно и очигледно кршење на човековите права, но и тогаш постојат обврски, ограничувања и правила на игра.

Денес во светот „не постои" безбедносен систем кој со својата глобална структура нема организациони единици кои се занимаваат со проблемот, т.е. феноменот тероризам. Ако облиците на организација за борба против криминалните активности, а во тие рамки и против тероризмот, не се во склад во општествените состојби, односно ако ваквите облици не го следат „демократскиот развој" и не се во состојба да одговорат на општествените потреби и интереси, доаѓа до нужна општествена интервенција со цел воспоставување на нови облици на организација и работа или усовршување на постоечките.

Но се разбира тоа во земјите со изграден и функционален правен систем, каде законските прописи не само што се донесуваат, туку и благовремено се извршуваат со контрола и одговорност во нивното извршување.

(„Светот е збир на неправди. Ако го прифатиш соучесник си, а ако го менуваш- џелат си!)

Б. Јанкуловски
З. Николовски




Нашево време се одликува по трагање по земниот леб и задоволствата. Но покрај хедонизмот и конфронтизмот, неговата карактеристика е енормното неспокојство и гладта по духовна храна. Тие се ѕиркаат во будењето на растечкиот интерес кон окултизмот, магијата, кон мистицизмите од сите можни видови и спиритистичките верувања. На опскурните состојби им кумуваат суровиот рационализам и суровиот натурализам на последните две столетија. Напати претворајќи ги во апсолутно важечки догми, си ги кратиме перспективите на вечноста и си го отрпнуваме сетилото за чувствување на безмислените мистериозни светови кои кружат во нас и окулу нас.

Обземени од една сосема секташка психологија, го урнисавме соборното доживување на животот и светот. Почнавме љубопитно да се занимаваме со мистицизмите од браманското и будистичкото потекло.Тоа ни стана жив доказ и показ за нашиот револт спрема осиромашувањето и полуслепилото на речиси докрај обезлитургисано битие на европскиот човек. И така движејќи се по патот што води кон Индија, заборавивме дека бегаме од западниот нов паганизам. Во прегратките на далекуисточниот паганизам, облечен во волшебниот хитон на мистеријата и во привлечноста на сè што е ново и егзотично. Впрочем ориенталното значење на аскезата, што ги инспирира новите „мистични" движења на запад и кај нас, сеедно е дали се работи за антропозофии, спиритизми, или пак, за трансцеделтани медитации, јога и секти,

# ПРАВОСЛАВЕН ПОГЛЕД НА БОГОПОЗНАНИЕТО

претставува расчеречување нашиот човек ниту за земен рај ниту за рај небесен. Му се убива животот и му се убиваат сите сетила и гносеолошки органи за спознавање на Вистината и за разликување на духовите и на вредностите.

Трагедијата на сите наши беспатија е содржана во изгубената анамнеза дека токму ние Македонците живееме и дишеме на почва осветена од светот и нетлеен оган на Капината Неопалима. Огнот што гори а не согорува е огнот на живата православна вера во името на Богочовекот Христос, вистинскиот Бог и вистинскиот, вечен и неуништлив човек. Ја заобикоеме крај огништата преполни со чад и лажна светлина.

Ова е скромна филозофска лепта принесена со цел да се разгори веќе започнатиот процес на духовна преродба. Веруваме дека ќе ни стане будилник за потребата да им се вратиме на нашите духовни сокровишта. Нивната светодуховска длабочина претставува непресушен вруток на „вода жива" и река на богоблагодатни сили и енергии. Пиејќи и погружувајќи се во водите на православното богомислие, како личности на Народот Божји, ќе се оживотвориме и ќе ги преобтазиме историските перспективи во вечни.

Автентичното православно богомислие не наликува на сенка што однадвор паѓа, како во уметноста на Ренесансата. Тоа наликува на светлина која извира одвнатре и одвнатре се зари и осветлува. Светлозарниот ум ја гледа севкупната творба Божја така, што се стекнува со око божје. Преобразениот човек на православното богомислие не гледа со очите на плотта, туку со очите на Бога. Видниот хоризонт се шири до сѐвид. Раководени од тоа богомислено начело, личноста и етносот се вознесуваат над субјективниот светоглед. Нашата генерација и нашата епоха како и секое човечко поколение и време има право да го изрази својот творечки афинитет и филозофско чувство. Секоја епоха, па и нашава, ќе треба богомислено да ја зеркаме со очите на Вистината; на жабјата перспектива да и противставиме **sub specie aeterniraris.** Обратната или растечка перспектива да ѝ ја противставиме на стеснувачката ренесансна перспектива, богоцентризмот на антропоцентризмот, теохуманизмот на хуманизмот... Така фундираниот човек интегрално станува или Божји, обожен и преобразен од боженствениот динамизам и ги крши контурите на вештественото свет. И на тој начин обземен од небоземна радост наликува на опиен од виното на Пресветиот и Животен Дух. Така зграбен од боженствените созерцанија на богомислието, умот ги гледа благоговејно „страшните" тајни кои стојат над секој ум. Во состојба на исихија му се предава на молчењето за молитвено да му се наслади на неизглаголивиот. Доживувајќи единство на умот, срцето и волјата во хармонијата со сите свои психофизички сили и енергии и со нивниот Творец - Бог.

ливме и презревме светата пепелашка, вечнораспнатата и вечнострадалната Црква Православна и милениумското мистичко искуство на сите нејзини свети жители. Спиеме врз духовни вулкани на таинствениот оган во себе и во својата сопствена историја, а барамае да се огре-

Сашо Кузманоски

# ИДЕОЛОШКА ПРЕОБРАЗБА ВО КЛЕТКАТА НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

Православието (идеологија) го форсира „собраниското" САКАМ-воспитување, и како што историски и сегашно можеме да воочиме, не е подготвено да опстојува реално, денски, и компромисно, почитувајќи ја присутноста, вредноста, големината и интересот на другиот (другите).

СОБРАНИЕ - ЖЕНА - САКАМ - ДЕТЕ - ИД
+ +
ВЛАДА - МАЖ - МОЖАМ - ВОЗРАСЕН - ЕГО
+ +
СУД - ИДЕОЛОГИЈА - СМЕАМ - РОДИТЕЛ - СУПЕР ЕГО
↓ ↓
ДРЖАВА - РОДИТЕЛИ
+ +
НАРОД - ДЕЦА
↓ ↓
ОПШТЕСТВО - СЕМЕЈСТВО

*СЕМЕЈСТВОТО Е КЛЕТКА НА ОПШТЕСТВОТО!*

Преферирањето на сакањето произведува самобендисаност од една страна, но и самонегација од друга страна. Првиот случај се јавува кога се комуницира со на себе нерамен партнер, а вториот во обратна ситуација.

Затоа и не е чудно што Православието е историски изиграна идеологија која сега мора да се прилагодува на европските и американските „пазар-односи"-правила на однесување (православието се прилагодувало и во периодот на соц-реалистичкиот еднопартиски систем; дали е случајно што најсилните православни држави влетале во авантура - САКАМ КОМУНИЗАМ? Дали е случајно што православните држави само ги намирисаа пазар-односите и веднаш од феудализам влетаа во социјализам? Затоа и православието и САКАМ (ДЕТЕ) - ИДЕОЛОГИЈА КОЈА ВЛИЈАЕЈЌИ ВРЗ КЛЕТКАТА ВЛИЈАЕ ВРЗ ЦЕЛОКУПНОТО ОПШТЕСТВО (И ОБРАТНО).

Значи, за да созрееме според сегашните правила на однесување ќе треба да воведеме повеќе придонеси за идеологија која ќе преферира МОЖАМ (ВОЗРАСЕН) - воспитување, во соодветна мера. Она што не сме го преживеале, сега „на старост" го живееме (се обидуваме) и затоа немајќи сопствени стандарди и ориентири мораме да се приклонуваме и прилагодуваме на оние што значат пример и преживеаност. Не станува збор дали сакаме. Реката се движи и воопшто не размислува дали ќе седеме на брегот или ќе се внурнеме во неа, минувајќи низ сите добри и лоши страни на нејзиниот тек.

Доколку преовлада мирот, веројатно некогаш ќе дојде до христијанско единство а по се изгледа дека МОЖАМ-идеологијата ќе биде значително понагласена. А, ако не се случи мирот сиромавиот САКАМ (Детето нема матерјална самостојност, а и друга) ќе ги плаќа сметките по два пати затоа што е наивен, неискусен, не знае да лаже и да глуми, не знае да направи другите да ги плаќаат неговите сметки, како што МОЖАМ-државите го прават тоа премногу години наназат.

Што се случува со МАКЕДОНИЈА?

МАКЕДОНИЈА е примерот како треба да се однесуваат православните САКАМ-држави. Затоа и толку бакнежи од Англија, Германија, Франција, Италија и останатите, односно затоа толку бакнежи од Соединетите Американски Држави.

Зошто е пример?

Затоа што ако се раководеше со САКАМ-идеологијата досега, со грчкото, бугарското и српското САКАМ-дете ќе се изнатепаа, лом ќе беа, сè што дотогаш со мака било создадено веднаш ќе го разурнеа. Како сето тоа некој да им го подарил, па сега не им е важно дали ќе го имаат или не. Детска психологија, нели!?

Симпатиите кон МАКЕДОНИЈА се заради МОЖАМ-стратегијата која е доминантна и владеачка во светот. Оној што ја знае својата сопственост не само што ќе ја зачува, туку и ќе ја унапредува. Возрасна психологија, нели!?

Иако непризнававна и омаловажувана, МАКЕДОНИЈА покажува пример како да се дојде до идеолошка преобразба на САКАМ во МОЖАМ (не едно во друго, туку на сметка напрвото да се подобри второто за одредена големина која што е доволна за следење и унапредување на современите процеси).

Со преобразба можеби ќе се видоизмени идеолошкиот (православниот) но не и националниот идентитет. Пазарот е добар, ако се земе во предвид дека хедонистичката провиниенција повеќе ќе ја имаме.

Претпоставувате дека размислувањата повеќе ги насочувам во клетката на општеството која доколку е поотпорна на надворешните влијанија ќе успее да се соочи со современието. Без здрава и отпорна клетка нема здрав и оптимистички настроен организам. Еден вирус и ете ти недоумици!

Што ќе се случи со македонската клетка?

Историски гледано македонското семејство (клетка) живеело со различни идеолошки и национални клетки, така што почитта спрема другиот и поинаквиот била во воспитанието, во традицијата. Македонската клетка не еднаш била во ситуација да прави компромиси, пазарлаци заради сопствениот интерес. Затоа и македонскиот дух доживеа конечно меѓународно верификување и признавааење како независен.

Кај другите држави почитта спрема другиот не била баш на завидно ниво, напротив тие често пати, дури и сега, се однесуваат со омаловажување, така што идеолошката преобразба ја доживуваат на многу поболен начин од нас. Имено, детската психологија кај Србите, Бугарите и Грците (и со другите е исто, Русите на пример) го направи следното: Србија премногу се прецени, па сега откако нема кондиција вели дека мирот немал алтернатива; Бугарија стана мафијашка држава и еве сега кога воочи дека ДЕТЕТО ѝ носи само мачнини се одлува да потпише договор на официјалните јазици со Македонија; Грција е интересен случај: и покрај педесетгодишниот ортаклак со западноевропејците, и покрај бројните бенефициї што ѝ доаѓаат оттаму и од Американците, никако да созрее и да престане да изигрува разгалено детиште.

Спасот на Православието е да го прифати понудениот ортаклак со Католичката црква (со сите Христијани) и некако во тој микс-договор да ја одбегне понатамошната деградација која ќе биде неминовна ако се продолже со инает и САКАМ-воспитување на својата клетка и понатаму. Нормално дека ќе изгуби дел од својата позиција, но што добива ако не се одлучи на компромис? Може само да размафтува со нуклеарно оружје и да си остане и понатаму во својата детска облека.

Исто така и клетката треба да покаже подготвеност за промени, заради сопствена имунизација и способност за напредок и оптимизам.

Дали МАКЕДОНИЈА прави чекори за идеолошка преобразба?

Според однесувањето на Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Михаил, а со него се надевам и останатите митрополити и други личности на Македонската Православна Црква, се забележува настроеност кон МОЖАМ-однесување и комуницирање.

Не се случајни и обвинувањата за однесувањето на МПЦ од страна на другите православни цркви. Но, тоа се разбира е нивни проблем. Ако им е добро и понатаму нека си бидат она што порано биле. Веќе реков!

Засилувањето на клетката можеме да ја потпомогнеме и ние-кадрите од Филозофски Факултет, со оглед на тоа што хуманистичките науки се создадени и достигнале најголем напредок во „пазарните" држави.

Во првиот број размислував за НАЦИОНАЛНА ФИЛОЗОФИЈА, но и покрај големината на таа идеја, сепак се согласувам со г.г. Михаил дека третиот милениум ќе му припаѓа на христијанското приближување, а после тоа можеби ќе дојде простор за СВЕТСКО НАДНАЦИОНАЛНО И НАД РЕЛИГИСКО ЖИВЕЕЊЕ ОД ОНОЈ ТИП ШТО БЕШЕ ПРЕДЛОЖЕН (сублимат од хуманистичките науки).

Во правец на засилување на македонската клетка беше и писмото што го испративме до Министерството за образование и физичка култура (20.12.1994), а во вр-

ска со вработување на кадрите од Филозофски факултет во основното и средното образование.

Согласно член 66 од Законот за основно образование и член 59 од законот за средно образование, се забележува превентивна стратегија на споменатото Министерство вклучувајќи ги педагозите, психолозите, социјалните работници и дефектолозите во воспитно образовната дејност.

Кадрите на Филозофски Факултет располагаат со многу МОЖАМ-сознанија кои ќе им бидат неопходни на наставниците, учениците и родителите (поширокото семејство и околината).

На овој начин мрежата на хуманитарни работници ширум државата, со сериозна проблематика и организација, можат да дадат значаен придонес во идеолошката преобразба на македонската клетка.

Она што е неминовно не се одминува.

x x x

Поздравили и честитки за трпеливите и љубопитни читатели со пресноизнотираната 12/16 тактна песна изведена на тапан, а со мелодично соло на кларинет и синтисајзер вопозадина.

текст: Пацка и Трендо

музика: Трендафил и Аспасија

аражман: повеќе Пацка, троа Трендо, па се менуваат на 8x12/16

изведувач: Намерно народна песна за да се популаризира и шири македонскиот дух и мелос

настап: Фестивал за поп-рок разголени уметници „Се лизнав и паднав, народно пеев, а за забавно, дури рок го мерев"- ДОЛНО СВИЊИШТА '95

На коњче бело, по џаде црно,
кроце одат двајца луди млади.
Кроце одат ем се галат,
едно зад друго, ем муабет си прават.

„А мори, Пацо златна, ти со мирисни коси,
ти со нозе долги, ти со гради бујни.
А бре, Трендафиле жар црвен мангупе,
ти ербаб момче диво, ти со вруток очи живи.

Немој така, немој Паце, џадево не чинит,
коњчево скокат, местенцево се теснит.
Трај си Трендо, наеднуш не се стигат,
таман да се стемнит, никој да не видит.

Немај гајле Пацо, гледам виделце имат,
туку ти управљај со коњчево бело,
ааа, така, аааа така, ааааа така,
ааа така, ѓаолу женски!

Ах, мори, Пацо ти со вруток става
става само за по џаде наше
ах мори маче милозливво
сто пати да те носам на коњчево скокаливо.

Да ме носиш, мустак да сучиш,
ааа така, аааа така, ааааааа така, Трендо
Трендафиле ербап момче неисчешлано".

Појаснение: После секоја строфа оди инструменталниот дел.

Извинување: Им се извинуваме на гледачите и посетителите за должината на песната- Пацка и Трендо чекаат да се стемни. Објективни соображенија. Доколку не го уважувате извинувањето: во тој случај, повелете во фоајето - имаме сендвичи, пијачки, семки, сончоглед и пресни кикиритки, стриптиз девојчиња од Украина, и циркузанти од Република Српска ( очекуваме во наредните денови да стигнат актедитивите); повелете намалени шверц штофови, повелете ќе ви најавиме за да го видите крајот на песната претендент за една од првите награди. Да потсетиме дека на втората вечер покрај силната конкуренција оваа песна доби голема поддршка од публиката но и од стручното жири. Со оглед на вашето расположение и опуштеност можеме да очекуваме и највисоки дострели- вечерва на фестивалот овде во прекрасното наше ДОЛНО СВИЊИШТА '95.

Илчо Василевски

# ВТОРА ЛЕТНА ШКОЛА ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

од 18-26.08.1995г. - Охрид

# SECOND SUMMER SCHOOL FOR SOCIAL WORK

18-26.08.1995 Ohrid

Најстариот македонски град беше домаќин на значајна меѓународна комуникација, која веќе станува традиција за балканските држави. Минатата година домаќин беше Бугарија.

Значајноста ја споменуваме не само заради збогатување со нови сознанија од областа на теоријата и практиката на социјалната работа, туку и заради воспоставувањето на нови познанства кои можат да одиграат голема улога, гледано поединечно, но и колективно. Уште повеќе што балканската комуникација е неопходна за сите нас.

Присутните колеги и колешки од Романија, Србија, Бугарија, Албанија, Турција, но и од Германија, иако не ги разбираа зборовите на македонската песна (со исклучок на словенските држави), сепак ги испровоцираме да го почуствуваат пријатниот мелос и да ја прифатат како своја (блиска), уживајќи во игра, опуштеност и незаборавно дружење.

Благодарност за напорите на професорката д-р Дивна Лакинска-Поповска за инзвонредната организација, благодарност на колешката Светлана Трбојевиќ и асистенката Сузана Миовска кои беа интензивно вклучени, благодарност на сите присутни заради чувствувањето на секој од другите како свои.

Срдечни поздрави за следниот домаќин - Романија (1996г.)

Студентите учесници
од Македонската група

The most ancient Macedonian town was host of important communication that is already becoming tradition of the Balkan countries. Last year host was Bulgaria.

The importance we mentioned is not only about acquiring new knowledge in the area of theory and practice of social work, but also establishing new friendships. They can contribute a lot to our future, individual and collective. Balkan communication is necessary for all of us.

Although attending colleagues from Romania, Serbia, Bulgaria, Albania, Turkey and Germany didn't understand the words of Macedonian songs (excepting the Slavic countries) they were provoked to feel the pleasant melos, and to accept the songs as theirs own, enjoying in dance, relaxation and unforgettable companionship.

We want to express our gratitude to professor dr. Divna Lakinska-Popovska for the efforts of remarkable organization, to colleague Svetlana Trbojevikj and assistant Suzana Miovska which were intensely involved, and to all attendants for feeling the others like someone very close.

Kindest regards to the next host - Romania (1996).

Student members of the
Macedonian group

## HEAVING A GOOD HEART

In some words we, the students in social work from Romania - Timisoara, wish to share with the students of the beautiful country of Macedonia, one of our important activites.

It is an action that happens every year in Romania and it becomes a tradition during the Christmas time. The action is legalised by the local authorites and it involves all population of Timisoara, the town where it takes place. The action is called "GOOD HEART" and it is very popular in our town. All citizens know about it, because they are informed by the media.

The activity started by the initiative of one agency called "Bethany social services" and the students in social work from the University of Timisoara. The goal of this action is to offer a material support to poor families from our town. We want identify this support with a Christmas present that can not be received by the families from somewhere else.

The activity contains three steps. At first the students in social work collect money by donations from different institutions and from the citizens of Timisoara. At last we buy and offer presents for those families.

It is very touching when you can see those families very happy, and you can fell happy too, because you give them a present and make Santa Clause come into their houses like every other family.

Chereches Cristian, Cioban Calin,
Goian Cosmin Stefan
Otilia Marinca,
As Romanian socialworks
student group

FRIENDSHIP WITH FRIENDS?

Before we came here we had no idea about Ohrid and Macedonia. By the way, we were just hearing from television and newspapers about this gorgeous country. We were really wondering about it.

When we arrived to Macedonia we realized that there were many similar things between Turkey and Macedonia. The flag of yours and ours are completing each other in a harmony way at the sky (the Turkish flag contains a moon and a star, the Macedonian flag contains a sun).

While we were walking on the narrow streets of Ohrid we discovered the cultural similarities of our countries. The styles of the houses were look like the old typical Turkish houses. And the music that we listened at everywhere was almost the same music that we listen in Turkey.

Not only the music, but also the dancing is look like the traditional Turkish folk dance. The hospitality that you showed us and the animation with the surprises; we all understood that there is no difference between each other except the kilometers.

Hope to see you at anytime and anywhere - ALL THE BEST WITH MACEDONIANS AND KEEP SMILING ALL THE TIME...

Emrah Kirimsoy,
Ertan Ozturk,
Seving Yilmaz
As Turkish socialworks
student group

This is an article of 4 german students who visited the second summer school of the Balkan states in Ohrid. We are from the "Katholische Fachhochschule Nordrhein-West-falen Abteilung Paderborn" (catolic faculty Northrhine-Westfalen placed in Paderborn). This faculty is for social work, social pedagogics and religion pedagogics.

The visit in the beautiful town Ohrid was very interesting for us, because we got to know different people, with different kind of education in social work and therefore different points of view. Even we arrived so late to the congress (because we visited the reintegration project of "Caritas Essen" in Skopje before) we got to know the other students very easy. The atmosphere was very warm and cosy.

We thank you so much for inventation and we hope, deep down from our hearts, to welcome you in Germany, one day.

Alexandra, Dagmar,
Kerstin, Miriam
Germany

We consider ourselves lucky to take part in this summer school. The whole thing was very beautiful: the groups of young students with their pedagogues, the lectures, the hotel by the lake and beautiful town of Ohrid.

I think that, for Balkan countries, meetings like this are very important and, besides their professional goal, they're helping to built bridges of friendship and understanding and strengthen our old cultural ties. Social work is a very powerful mean for reaching this.

Albania is in its first steps of establishing a social protection system and we really *need and appreciate this kind of* exchange of experiences. At present, the profession of social work is not known very much in our country. We don't have graduates and professionals in social work yet because the first faculty for social work was opened just three years ago. So when the first daw of social work was promulgated two years ago, it was necessary for us to start this activity with people who were instructed in two week courses and that can not be able to carry the heavy burden of social problems in Albania.

During this II Summer School we learned a lot of new things and our view of social work widened and advanced. Especially we want to mention here our visit to one of your social centers. Our contact with this center was very helpful to understand your system of social protection. We were guests of the Struga center for one whole day. In the morning we had detailed lecture about the functioning of this center by the head of the stuff and two of her colleagues. The center was very well kept and everything looked clean and in order but we know that they to work hard to carry out their noble mission. After the lecture we went to see the center. We had the chance to see there how good and how devoted they were to their job. They were so kind to us and did more than just a mere presentation of their work. We had a very good time together exchanging our experience and our ideas. After this we went around and enjoyed the beautiful places of Struga and visited some museums there.

Compared to your system, the services offered by our system of social protection are not very qualified and, for now, they are limited by just making a financial support of the families without income or with little income. Because of the high rate of unemployment we have to support a big number of families throughout Albania.

For handicapped people, elderly, orphans, we have just few instructions that can not meet our needs. They were in a very bad condition a few years ago, but with the help of the international organizations they have been reconstructed and equipped with necessary things but, as I said, that's not enough for our country.

In the end I must say that, though this meeting of ours lasted just one week, it really was of great importance to us and, I think, for all Balkan countries. The organizing of this Summer School was perfect and exceeded by far our expectations. Thanks to Mrs. Divna Popovska it was possible not just to have a fruitful program of lectures, but also we had the opportunity to see and learn a lot of things about the beautiful town of Ohrid and its surroundings, and about Macedonia.

Hope this won't be our first and last coming to Ohrid.

Zef Shala,
representative of
Albanian group



Тоа што настанува, сè уште не постои. Она што постои нема повеќе потреба да настане.

Хајдегер

Ако нешто не е логично тоа не значи и дека не е вистинито!

Хајдегер

Филозофот е човек кој постојано доживува, слуша, се сомнева, очекува, сонува инзвонредни работи.

Ниче

Јас не сум суштествување, туку господар на суштествувањето.

Шелинг

Да се знае, значи: да се умее да се учи!

Хајдегер

Нивото на некоја наука е одредено со тоа до која мера е таа способна за криза на своите темелни поими.

Хајдегер

**ВАШЕ Е ДА СТЕ НАШИ, НАШЕ Е ДА СМЕ СВОИ.**

# ПАРАГЛАЈДЕРСТВО

Во една своја нумера, легендарниот музичар Том Пети, метафорично пее: sky is the limit. (небото е граница). Дојде време кога метафората го изгуби значењето, а зборовите станаа реалност.

Ако отворите лексикон, ќе пронајдете дека негувањето на телесните способности, нивната проверка и унапредување по пат на борба, игра и натпревар се вика спорт. Овој спорт ќе го окарактеризираме со уште неколку поими кои можеби и не одговараат на горенаведената дефиниција, но сепак го прават поспецифичен од другите.

Чудо?! Од многу тони лим, штрафови, плексиглас и пари, човекот прави авион - и лета. Нешто во овие состојки не одговара. Можеби зборовите „многу“ и „пари“. Не повеќе. Сега имаме нов метод на разговор со воздухот кој ја комбинира најновата технологија со нискиот буџет и едноставноста да им ја донесе реалноста на летањето за сите кои се желни да го исполната својот сон. Тоа е параглајдерството, најновата форма на контролиран лет.

Причина. Кога ќе се качиш на кров на куќа, ќе посакаш да видиш како изгледа куќата од повисоко. На дрвото сакаш да видиш како изгледа куќата заедно со дрвото. Од најблискиот рид ќе посакаш да ја видиш целата околина одозгора, и конечно, кога ќе бидеш на највисокото место на Земјава, ќе сакаш и тоа место да го видиш од повисоко. Летајќи над тој врв и околу него, ќе здогледаш уште еден кој ќе сакаш да го надлеташ и тогаш...

Некои ќе кажат „Ако господ сакал човекот да лета, ќе му дадел крилја“ додека други пак „Ако господ сакал човекот да остане на земјата, ќе му ставеше корени“.

Опасност. Ако велосипед не се вози по определени места предвидени за возење, велосипедот е опасен. Ако не се преминува улица на определени места, пешачењето е опасно. Ако кафето не се вари на одреден начин, варењето на кафе може да биде опасно. Ако не се дише правилно, дишењето е опасно. Така, ако не се почитуваат некои правила и компромиси, кој човекот ги утврдил во соработка со нејзиното величество - природата, и летањето е опасно.

* * * * *

Очигледно е дека на човечкиот род му е здодеано од монотонијата на конвенционалните видови на спортска забава. Самиот акт на летањето, не само што е остварување на сонот на многумина, туку е широко распространет низ светот како спорт, бизнис, а најмногу како забава. Летаат сите: жени, мажи, млади, стари, па дури и (нема да верувате) инвалиди. Потребата да се одели восхитеноста, возбудата и радоста за времетраењето на летот довеле до производство на тандем параглајдери. Само во Европа годишно се организираат неколку десетици семинари, натпревари и други воздушни митинзи, чиј број на посетиели-учесници го надминува очекувањето.

Прифатената масовност на овој вид забава, по сè изгледа (како и сè друго, или како и секој друг вид на забава) доцни на овие наши напатени простори. Луѓето во нашата држава некако имаат време за сè друго освен за самите себе. Оптоварени од секојдневниот „интелектуален снобизам“, го изгубиле чувството за авантуризам, возбуда и слобода, што, патем речено, е составен дел на овој спорт (читај забава).

Една група на млади ентузијасти во Скопје упорно работи на обучување на нови луѓе кои се спремни да се соочат со овој нов свет на возбудувања и опасности. Нивното име е -Хели Клуб-. За да сте член на ова друштво треба да сакате да се забавувате, а желбата за летање, дури и да ја немате, ќе се јави и зголеми уште на првиот ден на обуката. Во наредните 4-5 дена ќе дознаете „сè“ за аеродинамиката, воздушните маси, облаците, ќе дознаете дека ветерот е наука, а што е најважно од сè , ќе научите како најдобро да го губите времето: забавувајќи се и летајќи.

Георгиев Марко Шема



ХЕЛИ КЛУБ

на лесни летала

Народна техника

Булевар Партизански Одреди 99

Скопје

Секој Понеделник и Четврток

од 18.00 до 20.00 часот

состаноци во просторите

на Народна Техника

телефони: 425-841

318-829

522-545

# ЗРАК ВО ОКОТО

Телевизиската слика е тешко да се земе сериозно. Заробена во дводимензионалноста на површината на огромен хардвер, таа ја навредува раздвојувачката моќ на очите. Но што ако може да се исфрли екранот и сликата да се добива директо во окото?

На Универзитетот на Вашингтонската Human Interface Technologu Lab, истражувачкиот инженер Joel Kollin не е далеку од таквото достигнување. Неговиот проект е виртуален ретинален дисплеј (VRD), направа која користи ласери за да креира слики во внатрешниот дел од окото. И ако Kollin успее, VRD еден ден ќе ја замени денешната телевизија, правејќи ја излишна и телевизијата со висока дефиниција.

VRD еднаш беше само сон на Thomas Furness, пионер во „технологија на интерфејси". Негов најпознат продукт е виртуелната реалност која што може да ве пренесе во алтернативни компјутерски светови со прицврстување на два минијатурни видео монитори на главата. Во средината на осумдесеттите во Wright-Patterson Air Force Base, Furness ја стартуваше Super Cockpit програмата во која истражувачите сакаа да најдат начин како на пилотот да му овозможат да гледа панорамски компјутерски слики комбинирани со винстинскиот свет. Сега кога тој е директор на Human Interface Technologu Lab, Furness се уште сака да ја реализира неговата визија и го повика Kollin да го изгради прототипот.

VRD има многу заедничко со обичниот телевизиски екран. Кај





теливизискиот екран зрак од електрони изминува лево десно на екранот, возбудувајќи го фосфоресцентниот материјал да емитира светлина. VRD исто така користи скенирачки зрак: ласер со мала моќност ги стимулира ќелиите фоторецептори на ретината. Во двата случаи сликата е креирана од точки наречени пиксели; што повеќе пиксели, тоа е пофина резолуцијата.

Хардверот на Kollin досега има достигнато скромна резолуција од 400 со 300 пиксели, малку под резулуцијата на нормалната телевизија. Компјутерско водениот ласер може да создаде 66 слики во секунда, што е доволно за реалистичка анимација. Сепак, VRD има уште многу за усовршување. Сликите имаат само една боја, црвена, и потполнуваат само 35 степени од видното поле. Ако погледот многу лута, работ на зеницата отсекува дел од сликата. Kollin планира да вгради направа за следење на погледот која ќе ја адаптира сликата зависно од правецот на гледањето. Тоа ќе ги заштити сликите од ампутација. И како што ласерската технологија станува се пософистицирана, Kollin ќе биде во можност да додаде повеќе бои во сликите.

Според Kollin, ласерите што емитираат зраци во очите се, всушност, многу посигурни отколку што тоа звучи. „Би можеле да зјапате во оваа направа цел ден," тврди тој. „Јас зјапав". Тие ласери оддаваат помалку од десет милионити дел од ват, далеку под сигурносните граници пропишани од владата, а Kollin развил и сигурносен механизам за да ги спречи ќудливите бранувања во светлосниот интензитет пред тие да направат билокаква штета.

Непосредната цел на Kollin е да постигне резолуција на VRD од 1280 со 1024 пиксели. Но тоа е само почетна точка за него и за Furness. Тие сакаат за го смалат хардверот - ласерите, механизмите за сканирање и другата електроника - така да може да се смести на единствен микрочип. Тогаш инженерите можат да го сместат чипот во држачите за наочари. Зраците од ласерот ќе удираат во стаклата и ќе се рефлектираат во окото. Сликите можат да заземат само дел од видното поле или, по желба, можат да го блокираат целосно надворешниот свет.

Со чип и ласер за секое око, VRD може да произведува тродимензионални слики. Планот е да се доведе резолуцијата до 3000 со 2000 пиксели, со 120 степени видно поле. Теориски, единствена граница на острината на VRD е раздвојувачката моќ на човечкото око. И ако опремата може да се смали за да се смести во еден чип, трошоците на производство драматично ќе се намалат.

Ако им се даде добра финансиска подршка Kollin и Furness веруваат дека VRD со целосни перформанси е оддалечено најмалку 5 години. Ако корпорациските спонзори на лабораторијата се нафрлат на оваа технологија, комерцијалниот потенцијал е голем. „Се надеваме дека ова ќе ја замени телевизијата и видео игрите," вели Коллин.

Компјутерски слики базирани на вистинскиот свет можат да ги водат хирурзите при операциите, конструкциските работници при составување авиони, пилотите при борба. За нив, а и за сите останати, влегувањето во психоделичниот виртуален свет ќе биде исто толку просто колку и ставање на пар Ray - Ban.

# БЕГСТВО ВО СТВАРНОСТА

**Isaac Asimov**

Веќе дваесетина години сакам да велам дека научната фантастика е „бегство во стварноста“. Една од причините е и фактот дека во мојата младост научната фантастика ја имаше неславната титула „литература на бегство“, а како таква често со презир ја отфрлаа.

Меѓутоа, овој мој став, еднаш го навредил некое момче, кој таа моја изјава ја прочитал во „Time“, па ми напиша едно многу луто писмо. Во суштина му сметало зошто, ако научната фантастика е бегство во стварноста, зошто тогаш се нарекува *фантастика*? Што е тоа, беснееше тој понатаму, што во научната фантастика е стварно?

Дали јас сум се обидувал да тврдам дека приказните за мечот и магијата се стварност? Дека негде таму во иднината постојат застрашувачко мускулести варвари кои се борат против злобните волшебници во темни нијанси? Ако не, што сакав да кажам со цитатот во „Time“? Патувања побрзи од светлината? Разумни суштества на секоја планета? Галактички царства? Патувања низ времето?

Накратко, бараше да му објаснам како и кога научната фантастика претставува бегство во стварноста...

Дозволете ми тоа да го направам. Отсекогаш сум тврдел дека пророштвата се, присутен, но малечок и не премногу значаен елемент во научната фантастика. Да се разбереме, ние сме зборувале за лет на Месечината, за атомската енергија, телевизијата, за роботите и за пренаселеноста, за вештачката интелегенција и за многу други работи кои се остариле.

Сме пишувале и за специфични случки, на пример го опишав отпорот против космичките истражувања уште во 1939, многу пред и да постојат космички истражувања кои би го побудиле тој отпор.

Џебните компјутери ги опишав 15 години пред да настанат, прошетките во вселената ги опишав 1952, неколку години пред да се оствари првата од нив, а и всушност точно ги погодив впечатоците што ги следеа.

Ако пребараме малку наоколу ќе го најдеме и Роберт Хајнлајн кој нуклеарната војна ја опишал уште во 1941, во времето кога воопшто немало атомски бомби, а камоли пат позиција меѓу големите сили. Артур Кларк во 1945 г. ги опишал комуникациските сателити (меѓутоа не во вистинска фантастика), а тоа е многу пред тие да дојдат.

Но ништо од тоа сега не е важно. Ако ги одмериме тие пророчки предвидувања спрема огромната маса научно фантастични инциденти, збиднувања, општества, откритија и теории од кои не е веројатно дека и едно ќе се оствари - а многу од нив не би можеле да се остварат ни случајно - ако ги одмериме тие две страни тврдам дека лесно ќе увидиме дека претскажувањата што ги опишав никако не се доволни да ја окарактеризираат научната фантастика како бегство во стварноста.

А што можеме да кажеме за врстата на научна фантастика во која нагласокот е на авантура и акција, каде дако научна фантастика поминува сè, под еден единствен услов: да не е лоша наука? Дури и овде научната фантастика *е* бегство во стварноста.

Размислете...

Сите важни општествени и економски промени во историјата на човечкиот род биле резултат на напредокот во науката и технологијата. Ако во тоа се сомневате и сакате да ме предупредите на останатите случки кои би можеле да бидат причина за промени, сетете се дека би морале да му најдете достојни парови на промените кои се случиле после откритијата на: огнот, тркалото, земјоделието, компасот, печатарската машина и хартијата, парната машина, моторот со внатрешно согорување, телевизијата и компјутерот.

Напредкот во науката и технологијата во почетокот бил спор, како и промените кои тој ги носел. Но чекорите натаму се собирале и резултатот бил комулативен. Како што науката и технологијата сè повеќе напредувале, така сè поверојатно станувало дека ќе дојди до понатамошен напредок. Резултат е фактот дека стапката на промени во науката и технологијата постојано и стално расти низ целокупната човечка историја.

Ако ги имате на ум овие фактори ќе видете дека низ најголемиот дел на историјата науката и технологијата напредувале споро за да би биле воочливи за време на еден човечки живот. Со други зборови, општествената и економската ситуација на поединците им изгледала статична. Тоа значи дека низ најголемиот дел на нашата историја луѓето го земале здраво за готово фактот дека „ништо ново не се случува под капата небесна", и дека ништо не се менува. Всушност, и ако нешто воочливо се променило луѓето биле повредени и ужаснати, ја сметале промената за дегенерична и носталгично зборувале за „старите добри времиња".

Но како што минуваме низ вековите на нашата историја, стапката на промени постојано расте. Неизбежно доаѓа времето кога промените стануваат видливи и неизбежно присутни дури и во текот на еден обичен човечки живот.

По мое мислење, пресвртницата настанала со индустриската револуција. Во текот на неколку десетлетија во кои парната машина почнала да се примрнува во механизацијата на текстилната индустрија, а потоа и како погонско средство за бродови, на луѓето кои живееле во тие општества почнало да им станува јасно дека работите се *менуваат*.

Научната фантастика и се родила во раниот 19 век како директна последица на таа нова свест. На крајот на краиштата, појавата на таквите воочливи промени предизвикала и една потполна нова врста на љубопитство: „Како ќе стојат работите кога јас ќе умрам?"

Научната фантрастика се обидела да одговори на тоа прашање, но не нужно на пророчки начин. Доволно било да возбуди, запрепасти, забави, а сето тоа можело да се постигни и без вистонско прорекнување.

Но, многу е мал бројот на луѓето кои читале научна фантастика. Уште помал бил бројот на оние кои ја читале сериозно и со намера да разберат за што се работи, за што таа им зборува. Последица на тоа е дека, и покрај доказите за промени секаде околу нас, и тоа сè побрзи и побрзи промени, повеќето луѓе упорно се држи на тоа дека ништо не се менува, а секој знак на промена кој им се наметнува за нив е навредлив и ужасен знак на дегенерација.

До денешен ден стапката на промени порасна до оркански размери. Во една единствена генерација се појавуваат телевизијата, млазниот авион, микрокомпјутерот, исчезнаа колониите, дојде до нараснување на тероризмот, светот се сврте на нафтата како главен извор на енергија па таа потоа почна да исчезнува како таква.

Под таквите услови, неосетливоста и затвореноста за промени значи самоубиство.

...Која е најголемата и најважната стварност во светот денес? -Фактот на промената и неизбежноста на понатамошните промени.

Која е најголемата и најважната опасност во светот денес? -Одбивањето на мнозинството луѓе да го признае постоењето на промените.

Која е единствената активност на светот денес која истраила на тврдењето за промените и на неизбежноста на промените? -Научната фантастика.

Затоа не е важно дали деталите на научно фантастичната приказна можат да се остварат или не. Не е важно ако научнофантастичниот свет од 2080 во некоја приказна има патување низ времето, лет со надсветлосна брзина и разумни чудовишта од некој меѓусвезден гасовит облак.

Важно е тоа што тој расказ ни зборува дека 2080 ќе биде потполно поинаква од 1980, *а*



*тоа е вистина*. Тоа е големата стварност која луѓето не сакаат да ја прифатат!

А токму поради таа причина луѓето кои го напуштаат својот свет на еднолична секојдневица за да читаат научна фантастика, го напуштаат светот на опасното незнаење и лагата која ги уварува дека сè ќе остане исто засекогаш, и влегуваат во светот кој им ја зборува вистинската стварност дека неизбежно сè ќе се промени.

А тоа е она што научната фантастика ја прави бегство во стварноста.

Припремил: Игор Ѓ.

# Црна Кутија

Мамо, знам дека ти не можеш да ме разбереш, но јас морам да зборувам. Премногу долго молчев, чував сè во себе, сега можеби полудувам. Морам да зборувам.

Мамо, Сонцето зајде по трет пат за последните два часа, Месечината е тука некаде, научив да не ги приметувам тие работи. Се движам по локсодрома, се надевам дека нема да ме лоцираат. Радарот повторно откажа, Компјутерот ми е единствениот пријател. Надвор е 46 степени под нулата, го чувствувам тоа во мене.

Мамо, кога бев во Живеалиштето некои тврдеа дека најдобро е да се живее брзо и да се умре млад, тоа не е точно. Секој умира стар, само што некој никогаш не успеал да биде млад.

Мамо, јас сум премногу стар.

Ја сакам брзината, секој пат кога ќе го пробијам звучниот ѕид доживувам оргазам. Постојано сум сам, научив да го сакам и тоа.

Мамо, беше крајот на мисијата и тоа беше бегство. Видов НЛО на 5 часот, ме следеше некое време, за нечија среќа исчезна. Потоа помислив на Нив и тие се појавиаја од правец на Сонцето, нишанејќи ме. По две минути радарот беше оштетен а тие беа луцидни огнени топки. Немам некои емоции кон нив, синовите на овој весел свет. Синови!? За да бидеш убиен потребно е, на одреден начин да се сложиш со тоа. Тргнав кон темнината. Слеп.

Некаде горе е погоден сателит, ќе падне во Атлантикот или Африка. Над источна Европа е антициклон, работите поспоро се менуваат. Мамо, Кинезите го минираа Пацификот, прават нов континент. Инсектите се долги 30 cm во Арабија, ним им се допаѓа токсичното небо. Во Делхи беше третата нуклеарна експлозија овој месец, јас им вратив за тоа. Таква ми е работата.

Мамо, мислите ми се исцепкани, не можам да се сконцентрирам на една состојба, тоа мора да е знак за нешто.

Небото е скоро пурпурно овде, многу ми се допаѓа тоа. Мамо, се уште не ме приметиле, кога ќе го сторат тоа ќе горам во горните слоеви на стратосферата.

Еднаш над Борнео видов помрачување на Сонцето, беше помрачување како и секое друго. Мамо, генијалноста на Тринидад и Тобаго ме застрашува.

На тестовите заклучија дека имам самоубиствени тенденции и затоа сега ми ги даваат најтешките задачи. Иако сум прилично стабилен, мојот психоаналитичар полуде и го заменија со машина. Да не ми беше доста од сè, и незе ќе ја излечев. Им реков дека ова ми е последна мисија.

Според пресметките на Компјутерот ќе живеам доволно долго за да си го видам сопствениот крај. Повторно се шегува. Компјутерите се вистински шегаџии деновиве.

„Ова не е крајот, ова не е ни почетокот на крајот, ова е крај на почетокот." Понекогаш се Прашувам....

Мамо, последната женска беше чудна, добиваше менстурација секоја недела. Имше 25 години. И мојата најнова рака може да свети во мракот кога ме опкружува. Мамо, имам животинска свест кога не користам наркотици. Пред два дена го сонував Лао Це, ми рече да плачам ако сакам.

Случајно купив машина за виртуелна реалност и сега не знам кој свет е виртуелен. Смиреноста и свежината, оние нешта кои беа избледени во затворената Средина, повторно ги пронајдов во тој свет, заедно со себе. Мислам дека и ти беше таму, мамо. Сега знам дека им припаѓаме само на местата што се налик на сон.

Бев во посета на родното место една недела пред да го уништат, сè уште работеше. Просторите и машините беа потполно чисти. Ги разгледав информативните досиеа, некои работи напреднале. Инкубаторите сега даваа нова генерација секои шест месеци. Луѓето што работеа таму имаа некаков смирен израз на лицето, светот почнуваше тука. Порано го сакав тоа место повеќе од било кое друго. Сега е поинаку.

Инструкторите ни велеа дека сме дизајнирани за надлуѓе, дека сме поиздржливи и поинтелегентни, и ние навистина бевме доволно паметни за да приметиме колку лажат. Мамо, најмногу на што се сеќавам од детството беше омразата на природнородените. Нивните очи секогаш беа исполнети со презир. Никогаш не им го враќав, но сега никој од нив не го памети тоа.

Понекогаш се прашувам што барам јас овде, зошто го правам ова, но никој не ми одговара, дури ни Компјутерот.

Сепак, некако го знам тоа. Работите се такви и продолжуваат.

До некоја точка во просторвремето. Камерите на Компјутерот тукушто ја приметија светлата направа што ќе го запре нашето постоење. Сакав уште нешто да кажам, но морам да прекинам. Збогум мамо.

Кире С. Океан



## ШЕПОТ ВО НОЌТА

Ги распоредувам работите и проблемите
врзани со мене по тежина, висина и ширина...
Можеби на зајдисонце, но секогаш има време
за светот на игрите без граници
коишто ми причинуваат посебно задоволство.
Воздивнувам од правот кренат со помош на ветерот
дојден од некаде таму во далечини испратен до мене
како абер за последниот збор на цивилизацијата.
По секој направен посебен чекор
му дозволувам на небото да ме проколни
што не можам да се претворам во солза
и да го допрам твоето лице и да ја почувствувам
растрепереноста којашто пулсира од некаде длабоко,
нешто идентично како во пресрет на надојдени чувства
и моменти на ниски страсти.
Би сакал во тој момент да го видам уште еднаш
твоето лице низ кристално замрзната чаша,
простирајќи се низ вообичајниот етер
пропратена со вино и тивка музика
којашто доаѓа од аголот кадешто догорува
уштемалку преостанатата свеќа.
Ти си целата моја бол доведена
до ниво на изострување на рефлексиите
за којашто молчи цела една долина.
Се слушаат чекори на разни кошмари и
депресивни ситуации за коишто преземам мерки
барем на 5 минути да постанам ѕвезда,
да посветам малку во твојот и само твојот свет,
а потоа и ако исчезнам да не ми е жал.
-Ова во еден здив му го кажав на планетите
кои беа наклонети кон тебе.

Марјан Ковалски

## БЕРИЌЕТ

Седев во мојата соба
и го завршував сложувањето
на слики во мојот мозаик.
Кога го завршував мозаикот
бев изненаден, бидејќи во него
можеше да се види мојата соба
и ЈАС во неа.
Чувствував како некоја да ме посматра.
Последното што го слушнав и забележав
беше звукот на скршени стакла од прозорот.
Посакував нешто убаво и весело
да ми падне од ведрото небо
и да ми го промени животот.
Но, се сетив
дека треба да одам во природа,
бидејќи сакам слободно да живеам,
притоа сакајќи да ја исцрпам сржта од животот.
Сакам да го снема јазот,
јазот меѓу мене и разбеснетата околина
и за момент на сон
да го видам татко ми
и да можам аманет да му дадам...
-Ако не сторам ништо и да умрам
ќе сфатам дека не сум ни живеел.

Марјан Ковалски

## НЕ

Не гледајќи во очите,
Не изговарајќи ги мислите,
Не слушајќи го неизреченото,
Не распознавајќи ги желбите,

Не одбивајќи ги сугестиите,
Не носејќи ги соништата,
Не поздравувајќи го Сонцето,
Не одејќи по сртовите,

Не одбегнувајќи ја досадата,
Не одлучувајќи за деновите,
Не допирајќи ги другите,
Немајќи слика за целината,

Не прекинувајќи го итањето,
Не сакајќи ги чекорите,
Не мислејќи за промените,
Не уништувајќи се себе си,

Ние плутаме напред.
Нас не носи струјата.
Не гледаме наоколу.
Не правиме ништо.
Ние плутаме напред.

К.С.О.

## ПЕСНА ЗА НОВИОТ СМРТНИК

На крајот можеби ќе речеш дека времето
не било погодно за твоето егзистирање,
ветерот не дувал во вистинскиот правец,
улиците биле погрешно нумерирани,
исток бил сушен а југ каллив,
ѕвездите не биле доволно сјајни.
Но,
Ти беше роден и го прифати тоа.
Немањето на избор не претставува нешто.
Знаењето ти беше дадено и оспособен си
да правиш разлики.
Сега си слободен.
Твоето време можеш да го подариш
во добротворни цели,
некој можеби ќе те наслика некаде,
ќе бидеш сенка во некаков простор.
Би можел да ги следиш другите
и да ја бараш вистината или нешто слично или
да препливаш океан со бомба околу вратот
носејќи некому порака за мир.
Би можел да ја допреш вечноста и преживееш.
Би можел да се смееш секој ден.
Можеш да плачеш поради тоа.
Можеш да сонуваш и да бидеш сонуван.
На крајот можеш да речеш дека
сето тоа било залудно, но сега
Имаш пат пред себе.
Оди.

Кире С. Океан

## ПАТЕТИКА

Немој погрешно да ме сфатиш,
Јас сакав да преживееш иако
ти го испратив куршумот во градите.
Ти беше тој што го прими.

Гледам наоколу и ги приметувам сите
детали,
но тоа не им го кажувам.
Тие крварат.
Кога ќе ги допрам, врескаат.
Ми објаснуваат дека тоа е бол и јас ги
сфаќам.
Потоа повторно врескаат.

Нема индикации дека грешам.
Се обидуваат да ме убијат и јас
им го дозволувам тоа.
Не можат.
Јас не можам да ја видам иднината, тие
не можат да видат ништо.

Зборувам, и ти не успеваш.
Другите барем живееат.

Јас ги сакам, и покрај сите нивни чувства.
Тоа сакав да ти го кажам, се надевам
дека ќе ме разбереш.

К.С.О.

## УТРИНСКА ПЕСНА

Барајќи станица
на малото радио
го препознав
тонот од усните
тој беше плачлив
и BLUES
и знам дека сакаше
сакаше нешто.

Billy 7.



## ОДОТ НА КЛОВНОТ

Ej, еве го кловнот!
Тој оди со бавен чекор.
Лицето му е маска
Срцето камен
Таа метафора
е неприродна.
Луѓето прават
неприродни работи.
Кловнот одминува
-згрчен.
Му тежи нечија смеа.

Николчо Бошначки - Nike

## АПЕЈА НА...

Во сенките од ЛИПИ,
мртви мермерни души.
Распнати
под конец и терезија,
замрзнати во времето.
Строга е апејата.
Луѓето со камени лица
неподносливо ме бркаат.
Чекорам бавно.
Можеби од мислите,
тука и тие се од камен.
Камените сурати се смејат,
го трујат денот -
реа и гној непрестано.
Тука се одамна,
водачот ги наредил,
избрани
да semнат и демнат.
Нека, не ме плашат, -
се гради, вдахновено
пирамидата на водачот.
А тие,
тие и избраниот
ќе воскреснат,
во култот на Египет.
Ги жалам, мртви се.
Не ни биле живи,
само вечно мртви.

Бошначки Николчо
- Nike

## DOES YOU GOT A WISH MY SON

Дали се посакал
да прифатиш сон
од респект кон мракот
или да појадуваш утринско
кафе
и цел ден да се храниш
со мисли
или пак да ја прифатиш
крајноста
како оптимум
на бескрајот
или пак можеби да вдишуваш
смог
покрај оние исти како тебе
задскриени.
Дали си посакал вакви нешта
„сине"?
Ако и некогаш си го посакал
тоа
те молам заплачи
заплачи силно
те молам!!!
А потоа умри
сосема тивко.

**Billy 7.**

## ЗА НЕКОИ РАБОТИ

Кога стварноста ме носи
во негрижата
и ми вели да се грижаам
а љубовта е таа
единствената која знае
за духовниот спокој
кој итекако ми треба
да ми каже
зборувај гласно
изрази го бунтот
кој е нем.

**Billy 7.**



## ОНОЈ ДЕЛ ОД НАС

Неодминливиот од на времето
го загуби сјајот
далечината донесе нов.

Месечината како сенка,
од одминатото
ги враќаше песните.

Оној дел од нас
кој ги расипува душите
кој ги пишува песните
проклет да е.

**Billy 7.**



## СОСТАНОК СО ЃАВОЛОТ (БЕЗРАЗУМЕНИЕ ИЛИ КОПНЕЖ)

Сивило надвор, сивило внатре. Секој божји ден наликува повеќе или помалку на овој денешниот. Темно надвор, темно внатре и во темнината свиок и надеж. Незнам. Можеби и јас сум само уште еден од оние кои бараа, пронајдуваа или не, но тоа и не е толку важно. Гледајќи го чадот од огнот кој гореше пред мене, ја разгледував мојата душа. Го барав оној дел од мене, што не е испишан во книгите, го нема во мислите, а е скриен некаде длабоко во чувствата.

Проклета ноќ. Зарем во неа стално ќе најдувам утеха за изгубените дни. И оваа вечер чмеам покрај каминот гледајќи како гори моето последно дело. Го читам повторно стариот запис, кој се повеќе ми е разбирлив. **JUNIS SENTAS DENAM DIABLO AT SEMPRAS ANIS KOTASI.** Знам повторно го имам истото чувство. Тој ме бара. Ме чека на истото место каде ги дочекува сите изгубени души. Не сум спремен да се сретнам. Не го разбирам, а зошто би го разбрал јас обично ништило меѓу многуте исти.

Дождот го миеше моето изморено старо лице. Не го чувствував студот а ги гледав другите како го чувствуваат, а можеби... Не знам. Водата ги носеше остатоците од забревтаниот од на времето. Одекнувањето на полноќните камбани само ме оттргнуваше од размислувањата. Шепотот на свирепиот ветар ми го покажуваше правецот.

Со времето нештата се губат, го сменуваат карактерот. Новостите го досегнуваат максимумот на кражба на слободното. СТИГНАВ? ЗАД ЦРНИТЕ КУЛИСИ СЕ КРИЕШЕ ТОЈ, ЗНАЕВ! МЕ ЧЕКА ЛИ? СИГУРНО. ДА! ТАМУ БЕШЕ! НО ЧЕКАЈ? ПА ТАМУ Е САМО..... ОГЛЕДАЛО!?!?

**Billy 7.**

## ПМФ

Ходници, врати и сенки
едни покрај други.
Мислиш-
Заедно пат се.
А, каде ли!
Мораат ли! -
Кон животот ќе, речат
нели, тоа принцип бил,
само принцип-
беден, изгазен како достоинството.
Зачмаено е овде,
реа на климакс,
фрустрации
желби на „боговите"-мали.
Гнасни се,
ти ја креваат утробата,
те горат
како утринска цигара.
А сето
за да бидеш:
иден,
некој,
промашен мајмун
со диплома.
Вреди ли ....

Nike



# ПАТ ВО ВНАТРЕШНОСТА

Почеток на секој нов ден, како да беше
Почеток на некоја нова ера.
Ми се чини како да се наоѓам во средина каде што
навидум хармонијата на животот е доминантна во
сите пори на Општествениот, семејниот и каков ли сè не
колективен живот:

-Како да е сè во склад со природниот закон
за Опстанокот и Борбата за превласт и доминација.
Се соочувам со фактот дека постои безмилосна
Борба на секој против сè и секого.
Дисхармонијата е мотив но не и цел на секој
поединец...
на сите страни, хаос:
Борба за опстанок помеѓу флората и фауната и обратно,
стадото наречено Човештво сè повеќе и повеќе се
квантизира,
Како никогаш до сега раѓањето и смртта
станаа повеќе од секојдневие.
Сè се претвори во статистичка маса,
секоја индивидуа стана обична цифра и
предмет на политички и какви ли сè не мултиплексни
интереси и задкулисни игри.
Паролите за Слободата и демократијата како и
никогаш да не постоеле;
Канибалистичкото минато само што се претвори во
морбидна сегашност;
ладнокрвното варварство се претвори во
Огнена Цивилизација.

БЕДА НА СИТЕ СТРАНИ; ВЛАДЕЕЊЕ НА
СТРАСТИТЕ И НАГОНИТЕ, ЉУБОВТА И СОЗДАВАЊЕТО
СЕ ЗАМЕНИЈА СО ЛИБИДОТО И СЕКСУАЛНАТА
ДЕСТРУКЦИЈА,
сентименталноста стана баналност,
романтиката се претвори во декаденција
доброто и злото го изгубија смислолот...

Високо над мене извираат од длабочината на
мојата душа, зраците на бескрајната
светлина
што пониираат во ендемскиот нихилистички свет.

Трансцендентната река го пробива ѕидот на
постојаноста и мечтите стануваат стварност,
но каква е смислата од сето тоа?

Не, тоа не сум Јас кој сонува пеперутка
која сонува дека сонувам за постоењето.

Не, Јас не сум суштествување, туку
цел и смисол на суштествувањето!
Се обидувам да бидам во исто време и господар
и слуга на суштествувањето.

Низ призмата на суштествувањето продира
духот на колективната несвест.
Како да постоењето е дведено на два антипода:
-Сонот и јавето, границата помеѓу раѓањето
и смртта и безграничните форми на егзистенцијата.

Од длабочините на екстремната нихилистичка
свест, провејува низ мојата внатрешност
тивко трансцендентално постоење.
СШ е сведено на НИШТО. Значи, јас не
постојам туку мислам дека постојам.
Инверзноста на ништо е СШ!
Значи: Јас постојам за да мислам дека постојам.

Ја чувствувам потребата од ТЕБЕ,
драга моја спротивност, Љубов моја,
дојди кај мене, Влези во моето срце и
пронајди се.

Оганот на страстите сè повеќе гори
во мене, ја чувствувам макар последната
капка гориво од резервоарот на Создавањето
за тебе, љубов моја.
Исконското соединување мора да биде
исполнето.
Те сакам како неикогаш до сега.
Дојди, не плаши се, почувствувај ме,
земи го од мене она што секогаш ти
припаѓало и дај ми го она што мене
ми припаѓа, биди со мене засекогаш.
Зарем не знаеш дека јас постоев а ти
не постоиш,
плодот на нашата љубов нека биде
израз на идното постоење.
Само, еднаш и засекогаш запомни:
НИШТО НЕ ПОСТОИ!
ЈАС СУМ НИШТО И
ТИ СИ НИШТО,
ЈАС И ТИ СМЕ СШ!
Драги мои, па, зарем не сфативте дека
ВИЕ сте исто што и НИЕ а НИЕ сме
како и ЈАС.
Зарем ништо не ви значи основната
порака на Исус Христос:
...ЈАС СУМ ПАТИОТ, ВИСТИНАТА, ЖИВОТОТ...

Биди ВНАТРЕШЕН ПАТНИК,
драг мој пријателе и суров мој непријателу,
Обиди се да сватиш дека патот во ВНАТРЕШНОСТА
е патот по кој не сакаш да одиш, а МОРАШ(!)
да го поминеш!
Среќно и довидување во лавиринтот на
безвременоста, суптилната хармонија и
бескрајниот мир што значи смисол на
постоењето.

(Б.И.) Theodor

## ЗАСЕКОГАШ СО ТЕБЕ

Со радост и болка во исто време,
Со празнина и Исполнетост во секој момент.
Со декоративен шарм на секојдневие,
Чувство на припадност и стремеж за
бескрајна тага и болка,
Неограничена радост и среќа.

Барање спас во уништувањето и пеколот,
ВЕРА во ФАКЕЛОТ на ПАТОТ, ВИСТИНАТА
ЖИВОТОТ.
Светлина на НАДЕЖДА, тивко, но
сигурно постоење.
Зашеметеност од свеста за Љубовта и Создавањето
Иронијата и Уништувањето.
Чистина во душата, исконски склад помеѓу
Потребата, целта и смислата на
постоењето.
Завет: ЗАСЕКОГАШ СО ТЕБЕ!

Илиев Бошко
(**Theodor**)



## „Сонет“ за Билјана

Бизарни стремежи.
Идеали, Култови, декаденција
Либидо, сексуална деструкција
Јадови во душата на пропаднатите
личности
Анархија во системот на срушените
вредности.
Никнува цветот; сѐ е толку
наизглед убаво, прекрасно,
романтично, но во исто време и
болно до страотно сурово.

А зарем раѓањето не е и смрт?
Зарем смртта не е и раѓање?

Болката и Блаженството се едно исто
кога е во прашање Љубовта.

(Б.И.) **Theodor**

# МУДРОСТ

Сцена прва. Едно од многуте неразвиени села во Македонија.

Мууу...

Еден вол уште еднаш се обиде да каже „мудрост" Но поради говорната мана, која ја имаат сите волови и крави, не успеа.

Сцена втора. Улиците на Скопје.

Трак, трак, трак...

Стар виц, нов будала, рекле старите. Или младите, сега тоа не е важно. Важен е конопот со по едно пластично топче на двата краја. Децата со таа игра пробуваат да го усогласат движењето на раката со движењето на конопот, а постарите мислат дека ако им дадат некоја добра игра се решиле од децата.

Но, звукот боде во ушите.

Важен е само аспектот твој, рече еден пријател мој.

Ако и вас ви е важен аспектот мој овој текст ќе ве разочара. Затоа што во него го нема моето гледиште.

Впрочем како ни вашите аспекти (гледишта).

Да се вратиме на трек-трактот.

Сцена трета. **Bus** на ЈСП.

Ако мислиш да продолжиш да ги тропаш топчињата ќе те симнам од автобусот - му вели војникот на едно од децата кои влегоа на бит пазар. Децата и војникот беа од две спротивни страни на националната бариера, според дијалектот.

Детето што ги држеше топчињата се збуни и со желба да стигне од школо побрзо дома го послуша постариот. Неговото другарче ги зеде топчињата и ја почна играта.

Војникот ја повтори својата закана и да не испадне дека е груб, пред девојката која беше со него, образложи дека го боли главата.

На тоа малото во чија глава според старите нема мудрост му одговори:

Кажи дека те боли главата, немој да се закануваш.

Политика. Авторитет. Зборови.

Сцена трета, четврта. Логорот за студенти Стиф Наум-оф.

Од кај ПМФ се слушаат деца. Се слуша трак-трак.

Слушам како Нинџата му вели на едно од нив.

Ај, те молам, не тропај со топчињата.

Сите кои го чуле трак-тракот, а сеуште го слушаат мислат дека молчењето е мудрост и упорно покажуваат дека се многу мудри.

Но, можеби мудрост е да се знае кога и што да се каже.

Васко - Спанкото



# ПОПУЛАРНАТА КУЛТУРА И ВОЈНАТА ПРОТИВ СТАНДАРДИТЕ

**Michael Medved, Sneak Previews**

*Иако филмовите кои се споменуваат во текстот се од пред неколку години, критиката е, и можеби повеќе, актуелна денес, посебно за филмовите на кои е изложен македонскиот гледач.*

Кога луѓето ќе ме сретнат и ќе откријат дека заработувам за живот како филмски критичар, тие често покажуваат две спонтани, но апсолутно контрадикторни реакции. Првиот коментар е „Човеку, ти имаш голема работа!" и обично во следниот здив, тие додаваат, „Нели се ужасни филмовите денес?"

Факт е дека и двете тврдења се точни. Јас имам голема работа на многу начини, и да, филмовите се апсолутно ужасни денес. Иронично, понекогаш тоа се тие филмови што се најдлабоко, безнадежно ужасни, кои ја прават мојата работа најстимулативна. Тоа беше сигурно случајот со еден од критички најпофалените филмови во 1990, „Готвачот, крадецот, неговата жена и нејзиниот љубовник".

Ова не е филм за оние со слабо срце, ниту за оние со деликатен стомак. Тој започнува со сцена која покажува брутално тепање на еден гол човек додека главниот карактер весело се моча преку него. Завршува со тој ист карактер како отсекува парче внимателно подготвен човечки труп во најјасната сцена на канибализам која било кога била прикажана на подвижните слики.

Во меѓувреме, ние гледаме некрофилија, секс во тоалет, неопишливо крваво и садистичко осакатување на деветгодишно момче, уште една жртва извалкана во крв, жена чиј што образ е прободен со виљушка и една додатна сцена со две голи тела како занесени заедно се виткаат од болка во приколката на еден камион наполнет со изгниено ѓубре што врие од црвје.

Природно, критиката го сакаше тоа.

Caryn James во августовскиот New York Times го поздрави „Готвачот, крадецот, неговата жена и нејзиниот љубовник" како „брилијантен". Двајца водечки филмски критичари, чијшто пристап во оценувањето на филмот јас често пати го сметав како кревање палци на сè, го нарекоа филмот „провокативен", и ги кренаа нивните „два палци горе" во знак на пофалба.

Richard Corliss од магазинот „Time" отиде дури и подалеку и го опиша филмот како „чудесен, возбудлив и извонреден".

За мене, овој вид на критичко пофалување се покажа повознемирувачки дури и од самиот филм. Филмот ме направи само болен, но позитивните оценки ме разгневија. Мојот партнер и јас отпрвин одлучивме да не го покриеме филмот во Sneak Reviews, неделното шоу што го прикажуваме на PBS, бидејќи чувствувавме дека ако дискутираме за него во програмата само ќе му дадеме додатен публицитет. Jeffrey Lyons и јас, не секогаш се согласуваме по секоја цена, но сигурно го видовме со исти очи „Готвачот, крадецот, неговата жена и нејзиниот љубовник". И кога некои од нашите колеги започнаа да употребуваат зборови како „брилијантен" и „извонреден" да го опишат ова гнило, бесмислено и дрско парче бесрамност, ние одлучивме дека мораме да одговориме.

Па така ние направивме специјален дел во нашето шоу во кој што јас прекршив едно од големите непишани правила на таканаречената критичарска заедница: не само што го нападнав самиот филм, туку исто така ги нападнав и колегите критичари кои го фалеа толку широкоградно. Јас се противев особено на тенденцијата да се опише филмот како „заводлива црна комедија" без да им се даде на можните гледачи некаква иксрена индикација за јасната бруталност и хоророт што тој ги содржи. Јас исто така го истакнав пофалбениот одговор на овој гнасен филм како индикација дека Американците се апсолутно оправдани во нивната длабока недоверба кон филмската критика.

Откако ги дадов овие изјави на национално-гледаната телевизија, имаше споредeн–и потполно предвидлив–пожар кој се однесуваше на моите коментари и протестираше против мојата наводна „арогантност" и „неодговорност". Едно писмо од гледач од Орегон убедливо ги сумира овие протести: „Бев разгневена и ми се гади од вашиот нечесен и див напад на *Готвачот, крадецот, неговата жена и нејзиниот љубовник*", напиша таа, а потоа продолжи откривајќи,

„Иако го немам видено филмот, планирам сигурно да го сторам тоа и Вашата оценка излезе надвор од линија. Едно нешто што нам не ни е потребно е клон на Jessie Helms на PBS . . . . Ако сте толку полн со старомоден, осудувачки, деснокрилен фанатизам, тогаш тоа е Ваш проблем, но немате право да ги загадувате ТВ-брановите со



Вашата тесноградa ступидност . . . . Вашата работа е да ни кажете дали е филмот вешто изработен или не, но Ве молам оставете го настрана вашиот моралистички висок коњ и продолжете со бизнисот на прегледување на филмовите."

### Игнорирање на душата и материјата

Ова писмо претставува само една мала пресметка во она што јас би го опишал како „културни војни" кои што во моментот беснеат во нашето општество, но тоа открива мошне силно што сè се овие војни. Мојот кореспондент кажува дека во ред е јас да зборувам за филмот дали е или не е во фокусот, за неуредното или компететното уредување, за убедливата или неубедливата перформанса. Но, до Небеса! Зар треба да ја гледам неговата морална содржина!? До Небеса! Зар треба на било кој начин да дискутирам околу пораката што тој поединечен филм ѝ ја испраќа на филмската публика!

Ова е вистинската природа на културната борба пред нас. Тоа е, во нејзината вистинска суштина, војна против стандардите. Тоа е војна против осудувањето. Нејзините опоненти инсистираат дека најголемата навреда која можеш да му ја нанесеш на некого денес е да речеш дека тој или таа пресудува.

*Еден од симптомите на корупцијата и колапсот на нашата национална култура (која се рашири низ целиот свет) е инсистирањето ние да ја испитуваме само надворешноста на кое* и да е уметничко дело. Политички коректниот, исправно либерален поим е дека ние никогаш не треба да копаме подлабоко–да цениме дали дадено дело е вистинито, или добро, или духовно хранливо–или да го оцениме неговото влијание во општеството во целина. Современата култура е опседната со површната вештина и вештото продавање, додека ги игнорира поважните проблеми на душата и материјата. Ова е една од последиците на војната за стандарди–војна што во моментов се води на три фронта: славењето на грдотијата, напаѓањето на семејството, и обидот да се ослаби организираната религија. Секој од овие фронтови е доволно сериозен и заслужува посебно внимание.

### Славењето на грдотијата

Насекаде околу нас, во секој домен на уметнички напор, ние гледаме евиденција на одбивањето на традиционалните стандарди за убавина и вредност. Во визуелните уметности, во литературата, во филмот, во музиката и од популарен и од класичен карактер, грдотијата е воспоставена како нов стандард, како што ние ја прифаќаме способноста да се шокира како замена за старата способност да се инспирира.

Оваа тенденција достигна апсурдни екстреми со неодамнешните напори да се воздигне трескањето и врескањето на рап музиката во некој вид благородна форма на уметност. Земете ја во предвид, за момент, неодамнешниот бесрамен обид на 2 Live Crew. Еден од експертите очевидци кој помогна да се обезбеди оправданост за групата беше еден професор по литература при Duke University по име Henry L. Gates. Под заклетва, внимавајте, тој потврди дека овие поетски души, чијашто лирика го возвишува аналното силување и осакатувањето на женските гениталии, креирале „освежувачко и зачудувачко" работно тело. Професорот Gates

продолжи понатаму да ги споредува нивните постигнувања со оние од Shakespeare, Chaucer и James Joyce. (Како што доцниот George Orwell еднаш коментира, „Има некои идеи толку апсурдни што само интелектуалец би можел да поверува во нив.")

Во филмот, форма на уметност која што јас најчесто ја обработувам, процесот на деградацијата веќе достигна нивоа кои што треба да ги водат сите разумни критичари да очајуваат за идninата на овој медиум. Неописливи бодливи трње го покриваат модерниот екран, дури и во филмовите кои наводно се направени за семејствата. А најперверзните форми на сексуалност–без љубов, декадентни, брутални и понекогаш родо-сквернувачки – се прикажуваат редовно во киното блиску до вас.

.....Холивуд е упорен во расфрлањето на неброени милиони долари врз проекти кои што ги нагласуваат најтемните, најодвратни аспекти од американскиот живот. Да ја измениме лириката на старата песна, овие кинематски артисти инсистираат на одењето ексклузивно по „Калливата страна на улицата".

Во годините наназад, во ex-ej(!) деновите на Gary Cooper, Jimmy Stewart и Katharine Hepburn, Холивуд беше обвинет за креирање на карактери кои беа поголеми од животот, подлабоко сакани и попрекрасни од луѓето во реалниот свет. Денес, филмскиот бизнис редовно ни нуди карактери кои се помали од животот, кои се понепристојни, понеинтелигентни и понеблагородни од нашите сопствени пријатели и соседи. Пред неколку години, Георге Роцхе напиша една убедлива и важна книга која што ја истакнува заканата во нашата сопствена култура кон оние вредности на цивилност и вера кои што многу од нас ги држат за најдраги од сè. Името на таа книга беше A World Without Heroes (Свет без херои). А тоа е прецизно тој вид свет кој што Холивуд го прикажува повторно и повторно на екранот. Тоа е свет во кој грдотијата , и празнотијата , се појавуваат како нов стандард за нашето општество.

### Напаѓањето на семејството

Вториот фронт на војната против стандардите го вклучува нападот на семејството кој што изгледа дека собира сè поголема сила со секоја година што поминува. Илјадници години наназад, општеството го признава фактот дека трајното партнерство помеѓу маж и жена, за целта на одгледување деца, ја нуди најдобрата шанса за човекова среќа и исполнување. Овој фундаментален поим не само што беше предизвикан во последниве години, туку беше и напаѓан со неспоредлива брталност од страна на некои од најмоќните сили во нашата култура.

Бизнисот на популарната музика, на пример, стана глобално претпријатие од вртоглави размери кое што генерира милијарди долари секоја година преку едноумното возвишување на животинската сладострасност. Ништо не може да биде на поголема далечина од несебичноста и дисциплината кои што се суштински за успешниот семеен живот, отколку што се мастурбаторните фантазии кои го заситуваат MTV 24 часа дневно.

Некогаш, родителите се грижеа околу влијанието на идолизираните тивки пејачи како Frank Sinatra, Elvis Presley или The Beattles, но овие уметници беа чувствителни, добри романтичари кога ќе се споредат со Guns and Roses, Madonna и други примероци кои ја доминираат музичката сцена денес. Пејачите од минатите десетлетија несомнено ја експлоатираа сексуалноста како дел од нивниот апел, но фантазиите што тие ги припремаа во нивните песни сè уште се всредсредуваа на долготрајни емоционални односи помеѓу мажите и жените. Она што е најзабележливо во моменталната популарна музика е студениот, горчливиот и садистички раб на визијата за минливиот секс што таа го промовира.

Друга порака на музиката која што е непрестано зацврстена од телевизијата и филмовите е перверзната но продорна идеја дека „децата знаат најдобро". Тинејџерите редовно се прикажани како извор на целата мудрост, разумност и чувствителност, додека нивните родители се прикажани како безнадежни, мрачни кловнови. Со Bart Simpson редовно фигурирајќи на листата на најпосакуваните Американци, ние секако поминавме долг пат од моделот Andy Hardy, со младиот Mickey Rooney кој учеше животни лекции од својот татко, строгиот но добродушен судија. Оваа нова идеја дека децата ги имаат сите одговори, и треба да ѝ покажат на старата генерација како да живее и како да се прилагоди на храбриот нов свет околу нив, е продолжение на деструктивните опсесии на младата култура од '60-тите и таа ја затрова климата за семеен живот.

Дури и ударниот хит, филмот Home Alone, кој вешто ја снабдува американската очајна глад за семејна забава, го засилува поимот дека денешните сезнајни деца немаат потреба од нивните брборливи родители. Седумгодишниот херој не само што преживеа во фин стил кога неговите родители одлетаа за Европа и случајно го оставија сам, туку покажа и исклучителна храброст и способност во осуетувањето на плановите на двата возрасни крадци.

Сепак, Home Alone заслужува внимание за прикажување на повеќе или помалку, нормално, просечно семејство, бидејќи на овој вид заедница сè повеќе и претстои опасност од изчезнување од американските филмови. Согласно на Бирото за цензури, две третини од сите возрасни Американ-

ци моментално се во брак, но филмовите денес премногу се фокусираат на самците.....Ова е строга одлука која дојде од високите кругови на естаблишментот во Холивуд дека љубовта меѓу женетите луѓе никогаш не смее да биде прикажана на екран. Ако се појави венчавање во текот на филмот тоа секогаш го означува завршетокот на романсата, никогаш почетокот или средината на љубовниот однос. Најкарактеристичен филм во 1990 г. беше Ghost (Дух), еден од серијата на фантазии за секс по смртта кои што филмската индустрија ги изматка во последниве години. Во овој вешто изработен растажувачки филм, неговите автори изгледаа како да прават поента од фактот дека централниот пар, поврзан со љубов толку длабока што преживува дури и во животот после животот, никогаш не се замориле со проблемот да се земат.

Дури и овие филмови што изгледа дека ги прославуваат радостите на едно плачливо дете прикажуваат бесрамен однос кон бракот. Пред неколку години, Холивуд откри дека бебињата можат да служат како главни ликови во филмовите и се обиде да ја измами филмската публика со серија од фантазии за пелени и рецепти. Трите најуспешни вакви филмови–Three Men and a Baby, Look Who's Talking и Baby Boom–сите прикажуваа самци во улога на родители. Пораката што следува тешко може да биде повеќе јасна: бебињата можат да бидат слатки, умилни и пожелни, но тие најмногу се радуваат без непријатната заплетканост на бракот. Ова е прецизно видот на неодговорна порака што ја охрабрува трагичната епидемија од вонбрачни пораѓања кои ја поништуваат оваа земја (и светот под нејзино влијание!).

Со нејзиниот едноумен фокус на неженети (немажени) карактери, филмската индустрија ја пренесува пораката дека е возбудливо да се живее сам(а), но досадно и задушливо да се живее во брак. Преќутната претпоставка е дека земените луѓе никогаш не доживуваат нешто што е доволно интересно за да биде драматизирано и прикажано на филмот. Мојот омилен современ психолог – кој исто така се случи да ми биде сопруга, Dr. Diane Medved–неодамна напиша книга под наслов The Case Against Divorce (Случајот против разводот). Во курсот на оваа книга, таа покажува како медиумското скокотливо прикажување на секси-возбудите на ергенството (моминството) го хранеа чувството дека на луѓето им недостасува нешто ако останат во брак и поради тоа го помогнаа порастот на разводите. Се разбира, постојат многу други социолошки и психолошки причини за распаѓањето на браковите, но дали некој може да се посомнева дека напаѓањето на традиционалното семејство од страна на популарната култура има придонесено кон проблемот?

### Непријателство кон организираната религија

Ова нè доведува кон третиот фронт во сегашните културни војни, кое е можеби и најрешавачкото бојно поле од сите, а тоа е обидот да се ослаби организираната религија. Војна против стандардите логично и неизбежно води кон непријателство спрема религијата, бидејќи тоа е религиозната вера која што ја обезбедува ултимативната основа за сите стандарди. Господ од Библијата не е морален релативист; и тој дефинитивно е судија. Вистинската природа на Јудео-Христијанскиот Господ е Господ кој прави разлики. Во книгата на Битието (Прва Книга Мојсиева), Господ го создава светот одделувајќи на светлината од темнината, одделувајќи ги водите горе од водите долу, и така натаму. Во традиционалните Јудејски (еврејски) домови, кога ќе речеме збогум на Сабатот секоја сабота навечер и се подготвиме да влеземе во световната седмица, ние рецитираме благослов што го воздигнува Бог за одделувањето на аспектите од реалноста, еден од друг–или за правењето разлики. Во опсегот на тоа што ние како човечки суштества чувствуваме дека сме создадени во Божјиот лик, ние исто така правиме разлики – и имаме стандарди.

Тоа е позиција која е почитувана од милиони и милиони наши сограѓани, но е редовно исмејувана во масовните медиуми. Една од националните телевизиски мрежи избра да го промовира своето популарно шоу со сцена која му се подбива на семејство кое кажува молитва. Со *Симпсоновите* свечено собрани на вечера околу нивната маса, Барт интонира: „Драги Господе, ние плаќаме за сето ова самите, затоа ти благодариме за ништо."

Во меѓувреме, федералната Влада го плаќа прикажувањето на распетие потопено во грне со сопствената мочка на артистот, а најпроминентната национална вокалистка, Мадона, осквернува Христијански симболи и сакраменти во сексуалноексплицитни музички видео спотови кои се редовно гледани од децата....Главните студија ни дадоа филмови како што се: *Nuns on the Run* (Калуѓерки во трк), кој направи сурова сатира од секој аспект на Католичката практика и верување; *Star Trek V* (Ѕвездени патеки V), во којшто вилените се банда од луди верници кои следат мистериозна демонска сила која тие, и филмските гласови, ја идентификуваат како „Бог"; *Mermaids* (Јасни девојки) кој ја прикажува Шер како немажена мајка-нимфоманијанка и прави забележителен подвиг од оцрнувањето на Јудаизмот и Католицизмот во ист филм; и *Godfather III* (Кум III), кој се фокусира на корупцијата и убиствата внатре во Ватикан и покажува далеку поголема симпатија за мафијата отколку за Црквата.

(продолжува)

Reprented by permission from IMPRIMIS, the monthly jurnal of Hillside College. Subscription free upon request.

Превод: Роберт Јосифоски

# ROLLING STONES КОНЕЧНО И ВО БУДИМПЕШТА

Излегувањето на најновиот албум на Rolling Stones наименуван како Voodoo lounge, беше причина за организирање на две турнеи: првата низ Америка и втората низ Европа.

Во контекст на европската турнеа тие се истркалаа во престолнината на Унгарија првпат. Доаѓањето на познатите амбасадори на рокенролот во Будимпешта беше предизвик за сите граѓани од Источна Европа, а заедно со нив и за љубителите на нивниот саунд во Македонија.

Концертот се случуваше на познатиот НЕП-стадион, кој беше во центарот на вниманието за нивните вљубеници во периодот од 7-8 Август. Голем број на луѓе беа укотвени пред самата ограда и ден пред концертот. Осми Август 1995, големата забава започнува во 19.30ч. со настапот на две пред-групи кои свиреа до 21.30ч.

Мала промена на сцената за петнаесетина минути и моментално дотрчување на фронтменот Mick Jagger на сцената, музичкиот циркус започна.



Температурата на воздухот која беше окулу 30степени беше многу ниска од онаа температура во публиката, дури и обилниот дожд кој се придружи со нас и периодичните грмотевици не успееја да ја спуштат температурата во публиката.

Не постоеше никаква бариера да ја спречи стампедната игра на посетителите на оваа рокенрол журка која траеше до неколку минути пред полноќ. Хаосната игра на публиката секој можеше да ја предвиди, но она што се надвиснуваше над нас не го очекувавме. Сценски перформанси кои до сега не биле претставени пред публиката. Голема алуминиумска змија која постојано испушташе оган, гигантски кукли на познати личности (Елвис Присли) кои се наоѓаа над големиот екран кадешто можеа да се видат и неколку тврди еротски сцени, и две странични патеки кадешто Jagger ги покажа своите тркачки способниости (во негов стил). Крајот беше прикажан со големиот огномет со кој целосно беше осветлена едната половина од Будимпешта (Будим-Буда), а сето тоа беше беспрекорно организирано од автомобилскиот гигант Фолсваген. Според наша пресметка на овој хепенинг присуствуваа окулу 80.000 -90.000 посетители, а во тој состав и неколкуте автобуси од Битола, Штип и Скопје, со помош на туристичките агенции Војаж, Еуротурс и Цепелин.



Будимпешта имаше чест и задоволство да ги пречека големите рокенрол легенди, а со тоа и 150.000-те туристи од целиот свет.

Да се надеваме дека вакви спектакли ќе се случуваат почесто, во земјата кадешто за нас Македонците нема визна процедура.

Игор Васевски

# ОБИД ЗА ПРОВОКАЦИЈА СО ПОИНАКВО

Ткаењето на идеата спонтано се одвиваше, но во цел процес секако видно присутен беше и притисокот од тмурната духовна непроветреност низ одаите на градот што многу одамна нешто значеше. Од историјата не се живее, иако гордоста не е згасната. Гордоста наследена од геостратегиската положба, револуционерните збиднувања и од изборот како подрачје кое значајно придонесува во оформирањето на Македонскиот јазик како најзначаен чинител на македонскиот идентитет и посебност, не го одржува нивото за град со толку сериозни препораки, па така одделни поединци прават некакви напори за повремен блесок на поинаквото. За поинаквото, за несреќа само на поединци, многу место нема. Трпение особено. Луѓето се навикнати на еднообразност, па нијансите ги вознемируваат. Но, секоја промена има такви симптоми, само што треба слух и трпение за да се навикнат кинзументите и на такви вибрации. Тоа е неопходно заради неминовното, а пак ова да не се случи револуционерно и болно, паметно е да се вшмукува по малку за конечното соочување да не биде носокршно.

Човекот со флексибилен слух може да почитува поинакво вибрирање, а тоа се одразува воопшто во неговото комуницирање со секого. Почитувајќи го мислењето, дури и на детето, дури и на студентот (замислете колку голема слобода си земам?!), се доаѓа до попроветрени решенија, па мирисот од приготвената манџа не успева бргу да се искаче и во приемната просторија или во ходникот. Замислете новоизградена куќа со непристојно мангупење на мирисот од манџата кој гол бестрамно се движи насекаде низ шуплините. Замислете држава со европска насока, а со турбо-фолк-дизелска култура?!




Несакајќи да замислуваме, напротив сакајќи да ја отераме по ѓаволите (скромно кажано!) се собравме дури деветмина и понудивме ликовни остварувања, архитектни решенија, идејни и реализирани заштитни знаци на правни лица и филозофски размисли.

На изложбата учествуваше и ВНАТРЕШЕН ПАТНИК, а добиениот впечаток охрабрува и огордува.

Инаку, почетокот на изложбата беше обележана со извонредна презентација на поинакво комуницирање што го приреди невообичаената музичка група ФОЛТИН.

На сите учесници им заблагодарувам за соработката и за охрабрувањето што се добива кога се работи нешто сериозно во заедничка насока.



* * * * *

ВНАТРЕШЕН ПАТНИК требаше да добие пошироко значење провоцирајќи и преку радиобрановите на едно градско радио, но уште во првата емисија дојде до прекин на струјата затоашто меѓусебната доверба која на почетокот договараше емисии еднаш неделно, наеднаш се распрсна, оставајќи можности за закрепнување во некоја послободна и постабилна духовна следност. Претходното објаснение важи и за овој инцидент со само една пополнувачка - кога ќе ви се расипе телевизорот однесете го кај РТВ-механичар, а не кај бојлер-трзач!!!

Илчо Василевски
Битола

Студентот е иницијатор провокатор, комуникатор, промислувач и двигател. Ако овозможиме студентот да стане и оликувач на времето и просторот ќе ја спречеме опасноста од флуктуирање на турбо-фолк-дизел културата која не бира средства и начин за афирмација на својата фрустрираност. Слободата и фрустрираноста не се поднесуваат – првата нуди знаење и умешност, а втората насилство на духот и неспознаеност на свеста. За да опстанат малите народи (како нашиов) судбината мора да им биде слободата на умот и пристапот до свеста.

——Илчо Василевски

# *Самостојна одбрана без банкротство или војна*




Од повеќето книги, дела и трудови кои во последниов период беа издадени на филозофски факултет, поширок интерес кај повеќето студенти на нашиот факултет предизвикува токму оваа, бидејќи во неа е обработена тема која во последниве неколку години била доста интересна како за политичките личности и воените кругови така и за интелектуалците од најразлични средини.

Книгата „Самостојна одбрана без банкротство или војна" од американскиот автор Џин Шарп е издадена од страна на „Балканскиот центар за мир" во Скопје, 1994г.

Оваа книга фактички ја заокружува целината на темите со кои авторот се занимава во овој период, а при нејзиното компонирање се служи со разгледувања и информации за ненасилна одбрана и отпор од првите децении на овој век па се до денес, посебно задржувајќи се на случувањата во Источна Централна Европа, Балтикот и членките на З.Н.Д.

Во самата книга во 7 тематско заокружени целини се обработува проблематиката на една друга одбрана, одбрана без војна и без големи човечки и економски загуби на општествата кои овој вид на одбрана евентуално би го прифатиле. Самата доктрина на оваа одбрана е поставена на основа чија главна карактеристика е новооруженото отпор од страна на населението на нападнатата држава, отпор на институциите од државниот апарат, пасивност на војската(?), полицијата како и отпор на економските субјекти.

Граѓански заснованата одбрана со сопствена стратегија на активен и пасивен строгоневооружен отпор, чии носители се граѓаните, преку разни форми на непослушност, несоработка, граѓански отпор и други инструменти на одбраната, е начин на кој се супституира класичната воена одбрана која на земјите кои ја водат им носи огромни човечки жртви, матерјално-економско уназадување, односно глобална стагнација во сите партиции на општествениот живот.

На кој начин ќе биде прифатена оваа доктрина и стратегија и дали ќе се согласите со погледите на ав-

торот останува да се види откако ќе ја прочитате и (или) присуствувате на семинарот кој на иста тема во првата половина на декември оваа година ќе се одржи на филозофскиот факултет, во Скопје.

За разлика од книгите на кои сме научени (300-400стр.) ова дело е напишано на еден современ и концизен начин кој не губејќи ништо во својата стручност е поместено на 90стр. и овозможува брзо негово совладување од страна на читателот. Поради тоа би ви ја препорачал за ваша лектира, надевајќи се дека оваа рецензија кај Вас разбуди интерес за читање на истата.

Ѓуровски Игор

## *Толеранција и чувство за припадност*

**Балкански центар за мир - Филозофски факултет Скопје 1995**

По повод Меѓународната година на толеранцијата и по повод 50 годишнината од постоењето на УНЕСКО, во рамки на издавачката програма на Балканскиот центар за проучување на мирот - Библиотека "Мир" е издадена на македонски јазик книгата од УНЕСКО под наслов "Толеранција и чувство за припандост".

Првиот дел од книгата го содржи прирачникот за воспитание за мир, човекови права и демократија насловен „*Толеранцијата: отворена врата кон мирот*". УНЕСКО очекува да добие нови описи на програми и додатни искуства и материјали кои можат да бидат вклучени во следната збогатена и разработена верзија. Се надеваме дека во неа ќе влезат и некои македонски искуства.

Во вториот дел од книгата е вклучен документот на УНЕСКО под наслов "*Чувство за припадност: насоки за едукација за вредностите кои ќе ја унапредат хуманистичката и интернационалната димензија во образованието и воспитанието*". Од нашите читатели се очекува критичко преиспитување на вредностите за кои се заложува овој документ и оние од нашата воспитна практика.

Книгата е поделена до психолози, педагози, наставници и други клучни лица од воспитно-образовниот систем. Од нив се бара да проценат колку овие материјали од УНЕСКО се прилагодени на македонскиот културен контекст и да дадат сугестии за натамошен развој на содржините на книгите и за начините на ефикасна примена.

Заинтересираните книгата може да ја набаваат и прочитаат во Балканскиот центар за мир при Филозофскиот факултет во Скопје.

# ФРАГМЕНТИ ЗА ЖЕНАТА (2)

Девојчето-мала жена, мошне брзо сфаќа дека има предност над машкото врсник и уште како мала стекнува поголема поддршка од околината заради нежноста, невиноста и привлечноста. Биолошки гледано тоа е тренинг на малата жена за остварување на биовласта-сексуалност во иднина, кога ќе порасне.

Ако мажот е лош љубовник жената тоа веднаш ќе го исползува за да ја постави својата биовласт-сексуалност. Ако мажот е добар љуабовник тоа извесно време е значајно за неговата позиција, но таа предност се губи оној момент кога мажот битно ја загрозува женската биовласт. Истиот момент сексот престанува да биде важен за жената, и таа се свртува кон други начини кои требва да обезбедат нова атмосфера од која жената може да делува на мажот. Враќањето на сексот е можен, но во некое друго руво, различно од она заради кое жената се наоѓала во подредена положба.

Жената е потполно свесна за големото влијание кое врз мажот има помислата или сомневањето дека таа го изневерува. Од таа свесност често произлегува намерниот женски маневар кога таа имитира изневера, а всушност не е. Имитацијата на неверството има за цел да ја зголеми напнатоста на мажот која доаѓа од неговото сомнение. На тој начин жената ја става на располагање придвижената машка љубомора, ползувајќи ја во остварување на својата биовласт.

Заради силината на биолошката мотивација, женското неверство од надвор гледано изгледа бескрупулозно и бездушно. но така мислат само мажите и понекоја жена која е вон настаните. Прашајте ги жените дали некогаш помислиле на бескруполозност кога ги изневерувале своите партнери и веројатно нема да ви дадат одговор каков што би ве задоволил.

Иако е во состојба да го сокрие неверството од својот партнер, жената тоа често не го прави, што покажува дека жените не прават компромис кога се во акција за остварување на биовласта.

Спроведувањето на женските замисли или планови често се остваруваат преку мажите. Но, кога мажот не знае што да направи, а треба да се спроведе некој план врзан за женската полза, жената често ќе му рече „измисли нешто". Зад тоа стои одлуката на жената да не му го каже начинот за спроведување на планот, иако таа на негово место би знаела што да направи. Тоа е затоа што жената не му кажува на мажот сè што

знае, особено не она што би можело во неговите очи да ја претстави како паметна и знајна. Жената го чува митот за својата наводна неспособност во некоја работа, бидејќи со тоа не открива што може, па така го вработува мажот во текот на дневниот живот, не давајќи му простор евентуално да се занимава со други жени.

Феминизмот е противженско движење кое име за цел да го раслои женскиот фронт и вперено е против жените. Го сочинуваат неспособни жени за изразување со средствата на биодомиинација кои ги ползуваат вистинските жени и заради тоа ја напаѓаат и така најголемата заблуда - измислениот машки шовинизам. Во суштина, феминистките го попречуваат нормалниот процес на женската доминација, бидејќи со видливо напаѓање на мажите наместо да ја зголемуваат нивната сексуална настроеност, тие предизвикуваат спротивен ефект. Феминизмот најмногу им штети на жените. Феминистките во главно се со послаб физички изглед, сакаат да стигнат до целта по пократкиот пат, ги загрозуваат и своите лични женски, какви-такви потенцијали, што накнадно ќе ги одведе во уште поголемо незадоволство спрема сабите себе.

Во женската природа е да бара повод за акција. Жената сака заради нешто да работи нешто, иако поводот често е скриен. Овозможете ѝ повод и сигурно ќе ја имате нејзината акција.

Физичката сила е најсигурната предност на мажот кај жената. Жената во денешно време се обидува со имитација на машката сила (женски боди билдинг, војнички начин на облекување, возење на автомобил) што повеќе да ја прошири својата биовласт. Но природна заштита пред таквите женски обиди е заоставувањето на моторната активност на жената и по сила и по брзина во споредба со мажот.

Мажот лесно преминува од игра во борба. Кај жените има пауза помеѓу овие две состојби. Жената сака игра, но ја разликува од бората. Кај жените од играта произлегува само добро, кај мажите и злото лесно произлегува од играта.

Не очекувајте постојаност од жената, бидејќи таа не може да биде постојана по раѓање. Подобро сознај ги причините за нејзината непостојаност.

Кога жените се дружат помеѓу себе, секоја од нив има две ползи: разменува информации за актуелните мажи и ги оценува своите потенцијални конкурентки. Тоа е тренинг и извежбување за примената на биовласта врз мажот.

**Мажот мора да знае дека неговото спротивставување на женската биовласт со машки средства ја прави жената помлада затоа што интерполната борба е нејзината смисла на постоењето. Мажот на тој начин ќе има здрава, убава и секогаш подмладена партнерка.**

Д-Р ЈОВО ТОШЕВСКИ
магистер на медицински науки
автор на книгата за еволуцијата и дејството на сексуалноста на жената и мажот - „ПЛАНЕТА НА ЖЕНИТЕ".



# КОНРАЦЕПЦИЈА (2)

во соработка со РО МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
ГИНЕКОЛОШКО АКУШЕРСКА КЛИНИКА
РЕПУБЛИЧКИ ЦЕНТАР ЗА ХУМАНА РЕПРОДУКЦИЈА

## ПРИРОДАН МЕТОД - МЕТОД НА КАЛЕНДАР

Природниот метод за заштита од несакана бременост подразбира избегнување на сексуални односи во определени денови на меструалниот циклус.

Секоја жена обично помеѓу 12 и 16 ден пред наредното менструално крварење исфрла едно зрело јајце способно за оплодување. Само во тоа време семето, сперматозоидите, можат да го оплодат јајцето. Бидејќи сперматозоидите можат да живеат во телото на жената и до пет дена, периодот на плодни денови за толку се продолжува.

Суштината на природниот метод е да се спречи среќавање на женската и машката полна клетка.

Како да го користиме овој метод?

Жената мора да води календар на своите менструални циклуси најмалку 6 месеци. Менструалниот циклус е времето од почетокот на првото до почетокот на наредното менструално крварење. За да ги пресметате плодните денови, прво одземете 19 дена од најкраткиот циклус. Така го добивате првиот ден од плодниот период. Потоа, одземете 10 дена од најдолгиот циклус. Така го добивате последниот период на плодниот период.

Пример 1: Ако на жената најкраткиот циклус и траел 25, а најдолгиот 32 дена, нејзиниот прв плоден ден е шестиот, а последниот е дваесет и вториот сметајќи од првиот ден на менструалното крварење.

Пример 2: Ако жената има уредни менструации, секогаш ги добива на 28 дена, нејзините плодни денови се од деветтиот до осумнаесеттиот ден на менструалниот циклус.

Во тој период треба да се избегнуваат сексуални односи.

Кои се предностите?

- нема несакани ефекти по здравјето, ниту сериозни негативни психички последици;
- жената и мажот ја делат одговорноста за планирањето на семејството.

Кои се маните?

- постојано следење на менструалниот циклус;
- избегнување на сексуални односи во плодните денови на циклусот;
- жени со нередовни менструални циклуси и жени по породување до воспостувањето на редовна менструација тешко можат да го користат овој метод.

Каква е сигурноста?

Овој метод не е доволно сигурен дури и ако се применува строго по упатството. Болест, стрес и промени на начинот на животот можат да го изменат дотогаш уредниот циклус.

Како можете да го комбинирате овој метод?

Во комбинација со презерватив и со хемиски средства, ефектот на овој метод се зголемува.

## ХЕМИСКИ СРЕДСТВА

(Вагинални пени, таблети, желеа)

Хемиските средства во однос на спречувањето на зачнувањето дејствуваат двократно: хемиски и механички. По хемиски пат се менува киселоста на родницата и со тоа се создаваат неповолни услови за опстанок на машките полни клетки, а нивното механичко дејство се состои во тоа што окружувајќи ги машките полни клетки го спречуваат нивното навлегување во внатрешните генитални органи.

УПОТРЕБА

Пред секој сексуален однос одбраното хемиско средство да се стави длабоко во родницата. Заштитата почнува по 10 минути и трае 2 часа. По односот не треба да се мие ЗА ДА НЕ СЕ НАМАЛИ ЗАШТИТНИОТ ЕФЕКТ. Пред секој сексуален однос и во случај кога е кратко временското растојание помеѓу два односа, морате повторно да го употребите одбраното хемиско средство.

При употреба на овој метод строго да се почитува упатството за употреба.

ПРЕДНОСТИ

- заштита само во случај на потреба;
- дејствува само локално во родницата;
- штити од пренесување на полови заразни болести;
- може да се купи во аптека без рецепта.

НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

- можна е појава на пецкање, чувство на топлина или алергиски реакции по примената на определено средство.

ЕФИКАСНОСТ

Хемиските средства, како вид на планирање на семејството, не се потполна сигурна заштита од бременост. Ефикасноста од овие средства се зголемува во комбинација со презерватив, со дијафрагма, односно со избегнување на сексуални односи во плодни денови.

## СПИРАЛА

**(Маткина влошка)**

**ШТО Е СПИРАЛА?**

**Спиралата е механичко контрацептивно средство, долго помеѓу 2 и 4 сантиметри, направена од пластична материја или од пластична материја со бакар, во форма на спирала, буквата Т и слично, кое лекарот лесно го става во дупката на матката. Секоја форма на спирала се изработува во неколку големини (за да се употребува кај жени со различна големина на матката) при постоење на пластично конче кое служи за контрола и вадење на спиралата. Спиралата спречува бременост оневозможувајќи оплоденото јајце да се всади во зидот на матката.**

**ДАЛИ СПИРАЛАТА ИМ ОДГОВАРА НА СИТЕ ЖЕНИ?**

**Спиралата се препорачува за жена која веќе родила дете. За жени кои немаат деца, спиралата**

не е добар метод на избор. Спиралата, исто така не се препорачува за жени кои имаат воспалителни заболувања на гениталните органи, обилни или долготрајни менструации, растројсва во развојот на матката и тумори на матката.

### КОГА МОЖЕ ДА СЕ СТАВИ СПИРАЛА?

Спирала може да се стави во матката било кога во текот на менструалниот циклус, иако повеќето лекари сметаат дека најдобро е да се стави на крајот на менструалното крварење. Спирала, исто така, може да се стави во матката веднаш по породување или абортус или 6 до 8 недели по тоа.

### КОИ СЕ ПРЕДНОСТИТЕ НА СПИРАЛАТА КАКО СРЕДСТВО ЗА КОНТРАЦЕПЦИЈА?

Спиралата дава постојана заштита од бременост од моментот на ставањето. Со редовни шестмесечни контроли, заштитата трае со години.

### КОИ СЕ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА?

Менструациите можат да станат пообилни, можат да се јават повремени крварења и зголемена е шансата за воспаление на гениталните органи.

### КОЛКУ СПИРАЛАТА Е СИГУРНО СРЕДСТВО ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТ?

Спиралата е мошне сигурен вид на планирање на семејството. Од сто жени кои користат спирала само две до четири забременуваат. Затоа ако користите спирала, а и менструацијата ви доцни подолго од 14 дена, задолжително да се јавите на гинеколог.

Ако сакате да се штитите од бременост на некој друг начин, најдобро е спиралата да ви ја извади лекар за време на менструацијата и веднаш да започнете да користите некое друго контрацептивно средство.

Ако сакате да родите дете, способноста за раѓање, по вадењето на спиралата, брзо се воспоставува, но ви препорачуваме по вадењето на спирлата да не забремените три месеци. За тоа време употребувајте презерватив, дијафрагма или хемиски средства.

(позајмен текст)

## МАЛИ ОГЛАСИ

Продавам неусогласени школки.
Шифра: Рефус

Ако сакате да го примите Исус, примете го.
Шифра: Марија Магдалена Наташа

Полагам испити.
Шифра: 50 DEM

Продавам репарирана мачка.
Шифра: ДалМетФу

Португалскиот Бумбар го поздравува излегувањето на вториот број на „ВП".
Шифра: „Omnia mea mecum porto"

Менувам корумпиран бирократ за два валкани политичари.
Шифра: „Способните со нас успеват."

Гордо, Македонијо, Славице, Веро! Донесете ни пиво!
Шифра: Данте: Втор круг

**Се бараат неискусни и неквалификувани астролози за изработка на хорорскопот во списанието Внатрешен Патник. Заинтересираните да се јават во просториите на Студентски Сојуз или кај уредниците.**

Барам лице со завршено Електротехнички факултет за да ми го поправи шпоретот, бојлерот и вибраторот.
Шифра: Домаќинка

Продавам неупотребуван мал мозок или го менувам за монтка.
Шифра: 501

Барам самоубијци.
Шифра: Менаџер

Убивам по порачка. Цена по договор.
Шифра: Перфекциониста

Иницијализирам млади вештерки
Шифра: Луцифер

Многу патам
Шифра: Внатрешен патник

Барам замена од „Аушвиц" за „Треблинка" (со доплата).
Шифра: 107/1 Стив

Аврам го роди Исак, Исак го роди Јаков, а Јаков го роди Јуда и браќата негови.
Шифра: Кој раѓа зло не мисли.

Издавам соба со непарно греење и две студентки (термо мачки).
Шифра: Спонтано согорување

Моето сведителство за Viб одделение го прогласувам за неважечко.
Шифра: Апсолвент

Продавам 2,3,4,5 дел на книгата „Автостоперски Водич низ Галаксијата" од Даглас Адамс.
606 С.Д.„Кузман Ј.П."

Куцање и компјутерска обработка на дипломски.
Тел. 425-841

Не им се допушта на студентите од СД „Стив Наумов" да повикуваат духови.
Светиот Архиерејски Синод на М.П.Ц.

Ако се плашите од абортус вршам царски рез.
Шифра: Царот

Не менувајте го партнерот, заменете ја постелата.
Шифра: Партнерство за мир

**АКО НЕ МОЖЕТЕ ДА ИМ СЕ ПРИДРУЖИТЕ, ПОБЕДЕТЕ ГИ.**

# ДЕСЕРТ

На добропосетените предавања на др. Ерик Берн, основач на психотерапевскиот правец „Трансакциона анлиза", посетителите кои биле од најразлични области се интересирале за одредени дообјаснувања, поставувајќи прашања:

**П** Што е основна смисла на она што ни го кажувавте? Што всушност ни рековте?

**О** Не мислам дека постои било какво основно значење. Навикнат сум да размислувам имајќи го прашањето пред себе, па сигурно кога би постоело нешто како „сексуално прашање" ќе се обидев да одговорам на него. Но, нема такво прашање. Прашање кое мене ме опседнуваше е: „Дали е можно да се одржат пет предавања за сексот, а при тоа да не се повторуваат оние тривијални, помпезни, акробатски и статистички приказни кои многу ги кажуваат во вакви прилики?" Се надевам дека, до извесна мера ми успеа тоа. Можеби некои приказни и повторив, но не мислам дека тие ми го попречија видикот. Она што навистина ви го раскажав беа навистина моите мисли за оваа тема после педесет и нешто години живот и триесет и пет годишна психијатриска пракса, за кои сослушав неколку илјади луѓе како детално ги прераскажуваат своите секеуални победи и падови. Мојата главна предност лежи во образованието кое го добив изучувајќи ги: анатомија, физиологија, психијатрија и психоанализа, и во привилегијата што ја имав да ги поставувам сите скокотливи прашања кои би ми паднале на памет.

Можеби после се овие предавања најдобро би ги нарекол инструктивни есеи кои наведуваат на размислување, отколку што би ги нарекол темелни пораки. Но, и во тој случај не би бил сосема задоволен, бидејќи се сметам во оние кои што сакаат да бидат темелни. Мислам дека најтемелна работа која ја изреков беше онаа за чувствувањето на автономијата како илузија во голема мера, па ако навистина сакаме да живееме по свое, без самозалажувања, тогаш треба да застанеме, погледнеме, ослушнеме и помислиме.

**П** Какво е вашето објаснение што ние толку многу се смеевме, а станува збор за сериозни работи?

**О** Да бев мртов сериозен додека ви зборував, сигурен сум дека никој немаше да се осуди да се смее без мое одобрување. Но секеот би требало да биде добро зезање, не гледам зошто и предавањата за сексот да не бидат такви.

**П** Вие подразбирате дека вистинската цел на сексот е оплодувањето. Ако е така што е тогаш со непосредното задоволство?

**О** Охрабрувачки е да се знае дека сето тоа е заради размножувањето, но поголемиот дел од сексот луѓето го празнат заради непосредното задоволство, а и животните исто така, уште повеќе што тие и незнаат за оплодувањето. Ако луѓето сето тоа малку не го искомплицираа, повеќе отколку што е потребно за просто оплодување, тогаш не би имало многу што да се зборува. Луѓето тоа би го правеле само за непосредно задоволство, а оплодувањето би настанало природно кога ќе се создадат поволни услови.

**П** Но, токму за тоа имаме експлозија на населението, што некои луѓе немаат поим дека сексот води до оплодување. Зарем не е неопходно да се разговара со нив за тоа?

**О** Јас навистина не верувам дека е некој толку глупав. Антрополозите сакаат да раскажат како некои народи не знаат за таа врска, но јас доста сум патувал по разни земји, вклучувајќи ја и Нова Гвинеја, па после сето тоа неможам да им верувам на тоа. Има тука нешто друго. Некои луѓе сакаат да кажат: „Кога само би можеле да им ги испратиме таму нашите млади луѓе да им објаснат како сексот имај врска со раѓањето деца, тогаш тие би користеле средства за контрацепција!" Но, не пали тоа. Не е незнаењето виновно што луѓето не користат стретсва за контрацепција. Дури и бесплатно да им делите, не ќе ги сакаат ако не им се допаѓаат. Според тоа не е виновно не занаењето, ниту сиромаштијата, туку нешто друго, нешто многу подлабоко. Можеби кутрите заостанати луѓе сакаат да бидат бесмртни.

**П** Зошто луѓето од креветот се победници, а од клозетот губитници?

**О** Да ја земеме најјасната можна ситуација која ги објаснува сите други. Најпрост начин да се проучат победниците и губитниците е со нив да се игра покер. Нема тука никаква тешкотија да се разбере што е што, нема потреба од прашалници и истражувања, ниту може да стане збор за некое сомнение. Треба само да се знае колку имаат во џебот кога излегуваат после играта. Ако си искусен покерџија, веќе после третото делење можеш да кажеш дали придојдениот е победник или губитник. Може тој и во сите три делења да добие, а да ти е сепак јасно дека е губитник, или да губи, па сепак во него да препознаеш победник. Еве како го препознаваш губитникот. Прво, тој е убеден дека покерот е игра на среќа, па кога ќе добие лоши карти побеснува и се жали: „ Немам среќа вечерва". Можеби и ќе



ги тресни картите од масата. Се жали: „Само да" и „Требаше да", „Само да останев во игра", Требаше да извлечам три наместо две карти" итн. Потоа, кога едно делење ќе се одигра, тој ќе сака да го повтори, па вели: „Дај да ја видам следната карта што би ја извлекол да не ја извлечев оваа". Победниците можат да велат такви работи само за да испаднат добри пред останатите или да им ги замачкаат очите, но не мислат сериозно. Тие знаат дека ако изгубиле при едно делење, тоа се случило затоа што лошо играле или немале добри карти, нема трето па ни пцуењето не помага. Ќе го сочекаат следното делење да ја поправат работата.

Победникот е особа која се подготвува за да го направи она за што веќе се одлучил, па тоа навистина и го прави ако е возможно; ако не му појде од рака првиот пат, следниот секако ќе му успее. Тој знае дека секој греши освен победникот. Тој не му дозволува на своето Дете или на својот Родител да му го завртат мозокот. Затоа покерот и е машка игра. Ако игра и жена, тогаш сите мажи се во невоља од своето Дете или од Родителот - ако воопшто имаат Родител. Што би ви рекол таткото кога би ве видел дека на некоја жена и ги земате парите на покер? Уште полошо што на тоа би ви рекол вашиот психијатар? Би морале да го потрошите цел ќар на анализирање како тоа смеело да ви се случи. Според тоа само пропалиците кои немаат свој психијатар и можат да тепаат жена во покер.

Уште еден знак кој го одликува губитникот е тоа што е полн со клозетски зборови. И на победникот му се испушта по некој таков збор, но не баш за секое делење на картите. Најголемиот губитник кој го сретнав воопшто кој сакаше да игра во се што има, вклучувајќи ја сопругата, ќерката и плацот, не можеше да се запре кога почна со клозетските зборови, иако беше сосема пристоен човек.

Губитникот понекогаш добива, а победникот губи, со тоа што вториот изгубеното го враќа низ играта.

**П**Што мислите, колку луѓе се свесни за онаа его-состојба во која се наоѓаат во некој момент?

**О**Воопшто не се свесни, освен ако не поминале низ обуката на трансакционата анализа или низ трансакционата терапија. Можеби се и оние кои многу размислувале за тоа. Значи, на Земјата има окулу пет милјарди луѓе кои воопшто не се свесни во која его-состојба се наоѓаат, и можеби половина милион, најмногу, од оние кои се свесни за тоа. Кога тие пет милијарди преку ноќ би станале свесни, сè би тргнало на подобро веќе следното утро. Лесен начин да се постигне тоа е да се наслушнува што се случува во сопствената глава, па ќе се чуе како трите его-состојби

меѓу себе си разговараат. Кога секој би застанал да слушне што му се случува во главата, сите би биле зачудени и само би делеле дарови, па сите светски проблеми би се решиле во истиот момент.

Родителот, Возрасниот и Детето (его-состојби) по прв пат се изучени во трансакциона анализа, па постанаа нејзини столбови или нешто како заштитни знаци.

**П**Што е со оние кои увидуваат дека играат некоја улога?

**О**Увидувањето дека играш некоја улога и самото е улога. Не сакам вака да зборувам во парадокси кои се голтаат самите себе, но во овој случај тоа е вистина.

**П**Како успеавте да го премавнете играњето игри (улоги)?

**О**Прво правило е најмногу да се занимаваш откривајќи ги сопствените игри, а не игрите на другите. Второ правило е доволно долго да се воздржиш од игрите за твоите омилени соиграчи да увидат дека си престанал да играш и да можат и самите да престанат. А, тогаш посматрај што се случува. Ако работите тргнат на подобро, ќе бидеш награден со добри исходи, без негативни последици.

**П**Како можете да кажете дека децата знаат за човечките односи повеќе од возрасните, кога ние постојано учиме низ животот за тоа?

**О**Она што постојано го учите низ животот за човечките односи само се зборови, зборови и зборови, а децата се во состојба подобро да го откријат лажниот човек, отколку возрасните. Возрасните немаат одобрување да ги гледаат луѓето во очи или да им се обраќаат директно, а децата тоа го имаат до извесна возраст. И затоа тие те гледаат во очи, па неможеш да им избегаш (сокриеш). Возрасните никогаш не се гледаат еден во друг подолго од неколку секунди, освен во специјални околности, како што се: играта „До кога ќе го издржиш мојот поглед", во љубовниот однос, или во професионалниот однос каков што е психотерапевскиот. Ако обтрнете внимание на движењето на очите (сопствените) кога сте во некое друштво или на движењето на очите на другите ќе се уверите дека е вистина тоа. Но, ако сакате да запознаете други луѓе морате да ги гледате право во очи, што на децата им е дозволено. Тоа би можел да биде еден од одговорите.

**П**Што подразбирате под „превентивна блискост"?

**О**Правилно користена блискост (допир, секс, нежност) може да предупреди болести како што се грчеви во стомакот, болки во 'рбетот, рак на желудникот, хемороиди и астма. Тоа го подразбирав.

**П**Ако веќе 'рбетот се суши без доволно чувствено надразнување (емотивна блискост), зошто тогаш да не се користат халуциногените дроги?

**О**Затоа што ќе ти се исуши мозокот, наместо рбетниот мозок. Тоа му било познато уште на Овидие пред 2000 години. Освен тоа, надразнувањето (допирот) треба да дојде од надвор. Многу луѓе кои се оттргнале од големите навики на марихуаната, ќе го потврдат тоа. ДРОГИТЕ СЕ ЗАМЕНА ЗА ЛУЃЕТО.

**П**Опишавте задоволена женка. Која е мани фестацијата кај задоволен мажјак?

**О**Неговиот од е лесен, очите му светкаат, а децата му се среќно насмеани.

**П**Како би ги објасниле лесниот од и свет ликавите очи кај момче кое нема своја девојка?

**О**Немам поим. Но, замислете го како би изгледал кога би имал.

**П**Повеќето од она што го кажувате изгледа дека се шегувате. Дали сте вие некогаш сериозни?

**О**Секогаш кога се шегувам јас сум сериозен ако правилно ме сфатите.

**Ѣ**Не сте ли прилично арогантни?

**О**Се држам арогантно само кога сум баш сигурен за она што го зборувам. Така е многу позабавно. Позабавно ми е мене да делувам арогантно, отколку несигурно, а позабавно му е на слушателот, оти тогаш се чувствува послободен да критикува. Како би можеле да критикувате некого кој е несигурен? Нему или му се клати главата, или се распнува на крст, а јас не поднесувам ниту едно ниту друго.

**ПРЕДЛАГАМЕ** ИЗУЧУВАЊЕ НА ТРАНСАКЦИОНАТА (ТРАНСАКТИВНА) АНАЛИЗА ВО РАМКИТЕ НА НЕКОЈ СООДВЕТЕН ПРЕДМЕТ, БИДЕЈЌИ СМЕТАМЕ ДЕКА ВАКВИТЕ СОЗНАНИЈА СЕ НЕОПХОДНИ ЗА ПОСТОЈАНО ПРОФЕСИОНАЛНО АНГАЖИРАЊЕ. СТАНУВА ЗБОР ЗА: ИГРИТЕ КОИ СЕ ИГРААТ ПОМЕЃУ ЛУЃЕТО, СЦЕНАРИЈАТА ВО ЖИВОТОТ НА ДЕТЕТО (ПОДОЦНА ВОЗРАСНИОТ), ОСОЗНАВАЊЕТО СЕБЕ СИ ПРЕКУ ТРИТЕ ЕГО-СОСТОЈБИ И МНОГУ ДРУГИ ПРАКТИЧНИ ЗНАЕЊА И МУДРОСТИ.

**ПРЕДЛАГАМЕ** ПОСЛОБОДНО ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ПРИ ПРЕДАВАЊАТА, А И ВООПШТО ВО МЕЃУСЕБНИОТ ОДНОС СО СТУДЕНТИТЕ.

ДЕЛАТА НА Д-Р ЕРИК БЕРН СЕ НАДЕВАМ ДЕКА НИКОГО НЕ ОСТАВИЛЕ РАМНОДУШЕН, ПА ЗАТОА И ЗАСЛУЖУВА ПОСТОЈАНО СПОМНУВАЊЕ И ПРОВОЦИРАЊЕ ЗА НЕГОВО НАВЛЕГУВАЊЕ ВО НАШИТЕ ПРЕДАВАЛНИ.

ИЗБОРОТ Е НАПРАВЕН ОД КНИГАТА „СЕКС ВО ЉУБОВТА"

# ХОРОСКОП

## СТРЕЛЕЦ (ПРОМАШЕН)

Во овој аморфно издолжен период вашата традиционална омраза кон сопствената облека ќе го достигне својот зенит. Затоа најпогодно ќе биде да си ја одерите сопствената кожа и од неа да си направите двотретинско џакетче. Љубов: Вас не ви треба Љубов, вас ви треба тепање до крајот на животот.

## ВОДОЛИЈА (АЛХОХОЛЕН ДЕРИВАТ)

За водолиите наредниот период ќе биде доста поволен, бидејќи освен што ќе можат да дерат мачки ќе можат да бидат и духовно бушени. Со таквата активност можете да очекувате не само природен гас туку и квадратни питулици. Љубов и здравје: Двајца диви кочијаши ќе ги возат вашите ткива до Токио. Косматост: Кусо прасе по рид пасе.

## ЧКРАПЈА (РЕСТАВРИРАНА)

Обликот што веќе сте почнале да го примате ќе му се допадне на вашиот институт за хемороиди. Ќе се заситите од партнерот само ако тој претходно конзумирал еластични риби. Ретардираниот Меркур ви е во 12-та куќа па окултните сили со кои сте окружени ќе ви играат чочек на маса. Здравје, љубов и финансии: Кучешката храна, која ве поздравува, предизвикува судири помеѓу вашите черепи и лесна насмевка помеѓу вашите нозе.

## ДЕВИЦА (ПЛОДНА)

Најсреќниот период за девиците веќе одмина, така да во иднина ве очекуваат поголеми напрегања во животот. Наскоро девиците (девица без барем 3 деца не е девица) ќе мораат да им потклекнат на многумината кои копнеат да патуваат низ нив. Љубов и финансии: Ќе морате доста да платите за 69 килограмска љубов. Здравје (дијагноза): Напредна шизофренија со предиспозиција за хронична сарма.

## ВАГА (ОПТОВАРЕНА)

Јупитер во опозиција на владата позитивно ќе делува врз вашиот семеен репертоар на бесмислени дупчиња. Тоа ќе ви донесе нови сили за бакнување желки. Љубов: Скријајте го камшикот, лисиците и кожените работи, зашто можат да ги најдат вашите родители и да ги употребат. Родителите на вагите се по правило фантазмагорични и жестоки. Дијагноза: Вашето сребрено ланче еден ден ќе се разболи.

## РАК (ПРЕТЕЖНО АТРОФИРАН)

Следниот период би можеле да го искористите за потполна трансформација на вашето битие во португалски бумбар, под услов тие планови да бидат спроведени во тајност, бидејќи тоа нема да им се допадне на гнидите со кои се дружите. Дијагноза: Акутна смрт со четири морковчиња. Љубов и исхрана: За 7 крвави копани ви се потребни 3,5 партнери.

## ЛАВ (КОНВЕРТИБИЛЕН)

Следниот период на лавовите ќе им биде доста тежок бидејќи антилопите ќе им избегаат во саваните. Џунглата во вашите 4 мозоци ќе биде расчистена со булдужери со што ќе се ослободи простор за неколку крокодили. Здравје: Отидете на забар за да ви ја извадат душата. Љубов: Во наредниов период едноставно не се напрегајте на тоа поле, подобро е да...

## БЛИЗНАЦИ (КОЛЕКЦИОНЕРСКИ)

Прилично неповолен период бидејќи квадратурите на неколку сакати планети ќе ви предизвикаат судир со седум килави кенгури. Австралискиот акцент ќе ви овозможи да откриете два различни начини за редење паркет. Здравје: Имате Паркинсонова болест, а тој ја има вашата. Љубов: на повидок имате неочекувана, слепа, страстна, сластна, вкусна, сочна, добро посолена врска со шармантна топола.

## РИБИ (КОНЗУМИРАНИ)

Перфектен период да си најдете господар кој ќе знае да ги искористи вашите телесни и духовни ресурси. Патувањето што го планиравте 7 пати до сега, и овој пат ќе го одложите поради испитот од „Основи на краставите жаби". Љубов: Немојте ни случајно да ги искористувате пониските видови животни, тие се вашите браќа и сестри. ДИЈАГНОЗА: Очекувајте профактура на новиот завет.

## ЈАРЕЦ (DE LUX)

Во следниот период ќе имате мала емотивна дисторзија што ќе резултира со тоа што ќе мислите дека сте му дедо на Сергеј Прокофиев. Вашиот план е прекрасен но за тетовирање на брадавиците ви е доволна жаба, а не цел змеј. Гардероба: Конечната цел на облеката е да биде соблечена. Здравје: Вашиот џигер е мевлем за нашата душа.

## БИК (Бескомпромисен)

Најголемо внимание ќе му посветите на малите плави кругчиња кои ќе ви се појавуваат на едно место. Од друга страна во лонгитудиналните пиперки кои се стасани за берба не ќе можете да уживате бидејќи ќе ви го украдат центарот за истото. Обидете се да го задржите. Љубов, хумани односи: **Sky is the limit.** Здравје: Ви се заканува опасност од 10 степени според Рихтер.

## ОВЕН (БРОЕН)

Јупитер ви се наоѓа во 6-та куќа, Нептун во 7-та а Сатурн е во викендичката со вашата најдобра пријателка. Тоа значи дека во овие години сите медицински експерименти извршени врз вашиот труп ќе бидат успешни. Љубов: Љубовта ќе ви донесе убав чифт чорапи.


РЕЦИКЛИРАЈТЕ ЈА СВОЈАТА СВЕСТ